FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# КОМЕНТАР

## ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ДЕЦАТА РОМИ

Скопје, јули 2009 година

**КОМЕНТАР ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ДЕЦАТА РОМИ**

Издава:
**Фондација институт отворено општество – Македонија**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

За издавачот:
**Владимир Милчин**

Подготвил:
**Елена Мишиќ**
**Теодора Ајановска - Глигорова**

Превод од англиски јазик:
**Елена Мишиќ**

Лектура на македонски јазик:
**Ана - Марија Бранѓолица**

Ликовно-графичко обликување:
**Тони Васиќ**

Печати:
**Про поинт**

Тираж:
**100 примероци**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN 978-608-218-052-6

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ 5

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ........ 7

**1.** Општи начела - Правото на слободно изразување и посветување должно внимание: член 12........ 10

**2.** Граѓански права и слободи – Физичко казнување: член 19; член 28, став 2 ........ 13

**3.** Здравје и социјална заштита - Деца со пречки во развојот: член 23 ........ 17

**4.** Образование, слободно време и културни активности ........ 23

4.1. Правото на образование: член 28 (воедно осврнувајќи се на начелата на недискриминација – член 2 и најдобар интерес – член 3) ........ 23

4.2. Целите на образованието: член 29 ........ 35

**5.** Деца-припадници на малцинства или автохтони групи: член 30 (воедно третирајќи го квалитетот на образованието - развивањето почит кон родителите и сопствениот културен идентитет: член 29) ........ 41

**6.** Специјални мерки на заштита - Детски труд/економска експлоатација: член 32 ........ 45

**БИБЛИОГРАФИЈА** ........ 48

**Анекс 1** - ТАБЕЛИ СО ПОДАТОЦИ КОРИСТЕНИ ВО КОМЕНТАРОТ ........ 55

**Анекс 2** - НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ПРИДОНЕСОА КОН ОВОЈ КОМЕНТАР ........ 65

Поднесено од:
**Фондацијата Институт отворено општество - Македонија**
**„Дендо Вас“ – Скопје**
**„Врама Си“ – Куманово**
**„Помош за хендикепираните и сиромашните“ - Прилеп**

Со финансиска поддршка од:
**Фондацијата за деца „Песталоци“ / Pestalozzi Children’s Foundation**

# ВОВЕД

Целта на овој Коментар е да пружи независен увид во спроведувањето на одредбите од Конвенцијата за правата на децата во Република Македонија, што се однесуваат на образованието на децата, со особен осврт на состојбата во образованието на децата-Роми и прашањата што влијаат врз степенот до којшто тие ги уживаат правата што се однесуваат на доменот на образованието.

Овој Коментар ќе посочи некои од недостатоците на Вториот периодичен извештај на Република Македонија (РМ), од јуни 2007 година, во поглед на правото на образование и правата што се остваруваат низ образованието. Прво, содржината на Извештајот е обликувана во вид на преглед на македонскиот образовен систем и нуди мошне малку податоци, па и тие се без анализа. Покрај ова, дадени се мал број коментари за состојбата на најранливите групи на население и на прашањата што нив особено ги погодуваат. Најголемиот дел на исказите во Извештајот се формулирани во идно време, посочувајќи намери или планови на Владата, т.е. на Министерството за образование и наука и, во тој процес, не упатуваат на никакви временски рамки ниту на индикатори, т.е. на одредници што би се примениле за оценување на остварувањето на намерите. Со други зборови, Извештајот претставува опис на системот, а не оценување на напредокот на земјата кон целосно остварување на правата на децата на полето на образованието. Во овој контекст, делот на Извештајот што се однесува на образованието воопшто не се осврнува на заклучните согледувања и на препораките што Комитетот ги даде по повод Иницијалниот извештај на РМ.

За таа цел, овој Коментар, покрај елаборирањето на Правото на образование од аспектот на општите начела; граѓанските права и слободи; здравјето и социјалната заштита; образованието, слободното време и културните активности; децата од малцинските групи; и специјалните мерки на заштита, ќе се осврне и на: а) Заклучните согледувања на Комитетот за правата на децата (ЗС) кон Иницијалниот извештај на РМ (CRC/C/15/Add.118, 23/02/2000), б) Вториот периодичен извештај поднесен од страна на државата, в) Домашната законска рамка и г) Различните студии, извештаи, оценки и анализи подготвени, првенствено, од Канцеларијата на Народниот правобранител и меѓународните организации, со користење податоци што потекнуваат од домашните институции, пред сè од Државниот завод за статистика, со што на Коментарот му се дава

неопходната објективност. И покрај тоа што голем број важни прашања се отворени од страна на заедницата на НВО-и и на директните учесници во процесот, може да се најдат малку објективни, релевантни и веродостојни податоци или потврди, за да се поткрепат тврдењата за повредите на правата во процесот на образованието. Иако, поради ова, тие остануваат во доменот на непотврдени наводи, сметаме дека значителен придонес на овој Коментар би бил обидот ваквите загрижувачки појави да се именуваат со вистинското име и да се постават на маса, со надеж дека, со поттик од меѓународните фактори, во иднина овие појави ќе станат предмет на подлабоко истражување.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**ОПШТИ НАЧЕЛА - ПРАВО НА СЛОБОДНО ИЗРАЗУВАЊЕ И ПОСВЕТУВАЊЕ ДОЛЖНО ВНИМАНИЕ: ЧЛЕН 12**

Постојат јасни укажувања дека правото на слободно изразување е запоставено по прашањата на образованието. Правната рамка го гледа родителот како единствен претставник на ставовите на детето и го ограничува учеството на детето во сопствено име. Се надеваме дека Комитетот ќе го разгледа ова прашање и ќе ѝ препорача на Владата да создаде можности децата да ги искажат своите ставови во рамките на образовниот процес. Од исклучителна важност е ова учество да се одвива на сите нивоа, од основно ниво на создавање партиципативно опкружување за учење во училницата, преку учество во училишните процеси на донесување одлуки низ ученички форуми и застапеност во училишните одбори, сè до консултирање на децата при градењето на образовните политики на локално и на национално ниво.

**ГРАЃАНСКИ ПРАВА И СЛОБОДИ – ФИЗИЧКО КАЗНУВАЊЕ (ЧЛЕН 19; ЧЛЕН 28, СТАВ 2)**

Не е познато кои, доколку воопшто ги има, последователни мерки по Заклучните согледувања се преземени во поглед на физичкото казнување на децата. Фактот дека во Вториот периодичен извештај целосно отсуствува секаков осврт на ова прашање и на можните мерки преземени со цел - подобрување на состојбата, може да се земе како укажување дека ништо или, во најдобар случај, многу не е сторено во периодот на којшто се однесува овој Извештај.

Иако анализираните извештаи јасно посочуваат постоење физичко, психичко и сексуално малтретирање во основните училишта, законската рамка не обезбедува ефективни мерки за справување со оваа состојба. Самите поими „физичко и психичко малтретирање" се неодредени и ниеден закон не дефинира во детали што би можело да претставуваат поимите „физичко и психичко малтретирање". Законите не се усогласени и не пружаат јасни напатствија во поглед на казните за наставниците и за училиштата, ниту за можностите за отпуштање и идно вработување на наставник кој е одговорен за психичко и физичко малтретирање.

Затоа, би сакале да му советуваме на Комитетот да ѝ предочи на Владата да воспостави јасни и силни мерки за сторителите на физичкото, психичкото и сексуалното малтретирање и да развие ефективни механизми за мониторирање на малтретирањето на децата во училиштата.

**ЗДРАВЈЕ И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА - ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ (ЧЛЕН 23)**

Различните извештаи даваат доволно показатели за тоа дека правата на образование на децата со пречки во развојот не се целосно задоволени и го наметнуваат прашањето за правилно сместување на децата-Роми во посебните училишта. Ова

би требало да претставува доволно силен мотив Комитетот да го отвори ова прашање и енергично да ѝ предложи на Владата преземање сериозна акција во насока: а) на воспоставување механизми за мониторирање и известување за образованието на децата со пречки во развојот, б) на подобрување на политиките, а особено на практиките на запишување и пристап до основното и до средното образование за сите деца со пречки во развојот, соодветно на нивните потенцијали, в) да се погрижи инклузијата да се практикува на онолку широка основа колку што тоа е можно, при што училиштата ќе ги задоволат сите дополнителни архитектонски и кадровски барања и г) да се погрижи децата од етничките малцинства да не се сместуваат непотребно во посебни училишта наменети за деца со пречки во развојот.

## ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ: ЧЛЕН 28 (ВОЕДНО ТРЕТИРАЈЌИ ГИ НАЧЕЛАТА НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА – ЧЛЕН 2 И НА НАЈДОБАР ИНТЕРЕС – ЧЛЕН 3)

Недостатокот на податоци од официјални извори за запишувањето, задржувањето во системот и напредувањето на децата-Роми, коишто би претставувале основа за координирана акција, е пополнет со податоци собрани во рамките и интерпретирани за целите на бројни извештаи што го третираат ова прашање. Доколку ова не беше случај, немаше да бидеме свесни за нивото на ранливост на децата-Роми, во однос на нивното основно и средно образование. Му предочуваме на Комитетот да ја поттикне Државата да се обврзе на преземање сериозна и непосредна акција кон воспоставување вистински систем за мониторирање и кон обезбедување децата-Роми да ги имаат на дофат сите неопходни системи за поддршка, со цел да ги достигнат параметрите на другите етнички групи.

Иако во многу случаи има значителни подобрувања во стапките на учество на девојчињата во основното и во средното образование, сепак сè уште постои загриженост за етничките групи во поглед на образованието на девојчињата; поради тоа, треба да се вложат напори и за да се одржи трендот на подобрување, таму каде што го има, и за да се овозможи дополнителен поттик за групите кај коишто ова не е случај, со цел да се обезбеди стапката на учество на девојчињата во образованието да се израмни со нивото што одговара на нивното демографско учество.

Мал напредок е постигнат, па дури можеби и воопшто и не се направени големи напори во таа насока, во поглед на квалитетот и релевантноста на образованието што им се нуди на децата-Роми. Недоволната опременост на училиштата, ригидноста на курикулумите и пониските образовни стандарди, опстојуваат во секој аспект на образованието на децата-Роми.

## ЦЕЛТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО: ЧЛЕН 29

Резултатите на сите меѓународни тестови (PISA, TIMSS и PIRLS) укажуваат на слаби постигнувања на македонските ученици и требаше да се земат со голема сериозност во планирањето на подигнувањето на квалитетот, но нема никаков одраз на овие

значителни согледувања, ниту во голем дел од националните концепциски документи ниту во Вториот периодичен извештај. Му препорачуваме на Комитетот да го отвори прашањето на идното учество на Република Македонија во меѓународните тестови како што се PISA, TIMSS и PIRLS.

Иако се забележува придвижување во поглед на вклучувањето на образованието за човекови права во официјалниот курикулум, реалноста покажува дека недостасуваат мерки за поддршка на овие промени, како што се иницијална обука и професионално усовршување на наставниците. Воедно, на образованието за човекови права се гледа првенствено од аспект на основното образование. Од овие причини, сметаме дека Комитетот треба да ѝ препорача на Државата да воведе образование за човекови права во сите нивоа на образованието, почнувајќи од предучилишното образование, и да ја засили реформата на курикулумот со соодветна обука на наставниците.

### ДЕЦА-ПРИПАДНИЦИ НА МАЛЦИНСТВА ИЛИ АВТОХТОНИ ГРУПИ: ЧЛЕН 30 (ВОЕДНО ТРЕТИРАЈЌИ ГО КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО - РАЗВИВАЊЕТО ПОЧИТ КОН РОДИТЕЛИТЕ И КОН СОПСТВЕНИОТ КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ: ЧЛЕН 29)

Остварен е сосема мал напредок во образованието на децата-припадници на малцинските групи. Реформите и проектите што на ова поле се преземени од страна на Владата, дејствуваат несредено, а понекогаш се чини и дека носат повеќе негативни отколку позитивни последици. Наместо промовирање на интеркултурното разбирање, се одобруваат проекти како што е веронауката, што имаат тенденција да ги зголемат разликите.

Очекуваме Комитетот да го разгледа ова прашање и да ѝ препорача на Владата да изготви јасна стратегија за развој на образованието на малцинските групи, што ќе се погрижи секоја малцинска група да може да учи за сопствената култура и да го научи својот мајчин јазик.

### СПЕЦИЈАЛНИ МЕРКИ НА ЗАШТИТА - ДЕТСКИ ТРУД/ЕКОНОМСКА ЕКСПЛОАТАЦИЈА: ЧЛЕН 32

Со ваквиот недостаток на податоци и/или скудност на анализи што би го поврзале образовниот систем и прашањето на детскиот труд, сметаме дека Владата треба да се потсети на нејзината должност сите деца да посетуваат основно и средно училиште, но исто така и на обврската самиот образовен систем да дизајнира и да имплементира специфични мерки со коишто ќе се овозможи мониторирање на децата кои се надвор од училиштата, од кои мнозинството се Роми. Прашањето на детскиот труд, како една од главните причини што децата-Роми ги одвраќаат од образованието, заслужува особено внимание во напорите на Владата за исполнување на нејзините обврски.

# 1. Општи начела - Правото на слободно изразување и посветување должно внимание: член 12

Во светлината на член 12 од Конвенцијата и признавајќи го напредокот остварен од Државата-договорна страна во почитувањето на правото на децата на слободно изразување, преку Детскиот парламент и во училиштата, Комитетот препорачува Државата-договорна страна да продолжи да ги презема сите соодветни мерки за да обезбеди на децата да им се обезбедат соодветни можности да ги искажат своите ставови и на истите да им се посвети должно внимание, во согласност со одредбите на Конвенцијата (CRC/C/15/Add.118, para 20).

## ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ

*Вториот периодичен извештај* воопшто не се осврнува на ова прашање, од перспектива на улогата на образовниот систем во обезбедувањето на ова право. Во делот за Слободата на здружување[1], Извештајот дава информација за Одборот на деца воспоставен од страна на Народниот правобранител и Уницеф, во 2004 година, со цел да се слушнат мислењата на децата и да им се даде можност да учествуваат со свои предлози и ставови за училиштата.

## НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

Законската рамка не дава начини децата директно да ги искажат своите мислења во однос на образованието. Единствената можност децата да ги искажат своите мислења е дадена во *Законот за средно образование*[2], според којшто, за разлика од основното образование, децата можат да вложат поплака доколку не се задоволни со оценките на крајот на учебната година. Во основното образование, само родителот има право на поплака околу оценките[3].

Законите ја гледаат партиципацијата на децата во училишниот живот преку нивните родители. Така, *Законот за основно образование*[4] предвидува функционирање на Совет на родители, како училишно тело, при што тројца претставници на овој Совет се вклучени во Училишниот одбор, којшто е раководното тело на училиштето. Постојат организирани форми на ученички активности, наречени ученички заедници, коишто функционираат во училиштата, но тие се регулирани со статутите на училиштата и не претставуваат правна основа за вклучување на децата во процесите на донесување важни одлуки што се однесуваат на нивното образование. Учениците не се директно застапени во Училишните одбори, туку преку своите родители,

[1] Втор периодичен извештај на Република Македонија за Конвенцијата за правата на децата, Република Македонија, Министерство за надворешни работи, Скопје, 2007, стр. 12 (во англискиот текст)

[2] Член 58, Службен весник на РМ, бр. 52/2002

[3] Член 72 (2), Службен весник на РМ, бр. 52/2002

[4] Член 116, Службен весник на РМ, бр. 52/2002; член 124 и 145, Службен весник на РМ, бр. 103/2008

а се само присутни на состаноците на наставничките совети. Ова присуство е само формално, бидејќи тие немаат право да интервенираат во поглед на сопствените оценки. Законот предвидува родителот да биде тој што ќе поднесе поплака доколку не е задоволен/на со оценките на детето[5]. Во случај родителот да е задоволен или да не е заинтересиран за оценките на детето, не постои механизам самото дете да вложи поплака.

Да бидат нештата уште полоши, со новиот *Закон за основно образование*[6], застапеноста на родителите во училишните тела е ограничена на еден претставник по одделение, уште повеќе ограничувајќи ги можностите за позитивна афирмација на родителите од малцинските групи и нивната процентуална застапеност во училишните тела. Ова ќе има крајно негативни последици по партиципацијата на родителите-Роми, којашто и онака беше мошне мала пред Законот да го ограничи бројот на претставниците.

## НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ

- *Извештајот на Народниот правобранител за имплементацијата на Конвенцијата за правата на децата и нејзините протоколи*[7], потврдува дека македонската законска рамка им пружа на децата можност да ги искажат своите ставови за следниве прашања: оспорување на родителството за деца над 16 години; вработување за деца над 15 години; промена на име; вадење лична карта и пасош; вклучување во религиозни активности и посвојување деца над десетгодишна возраст; и при кривични постапки за деца над 16-годишна возраст.
- Во *Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2005 година,* се наоѓа забелешка[8] дека учениците тврдат дека тешко имаат можност да ги искажат своите мислења во училиштата и дека нивното мислење уште помалку се почитува. Народниот правобранител смета дека непочитувањето на овој принцип создава предуслови за злоупотреба и дискриминација на децата и за маргинализација на нивниот најдобар интерес.

Истиот годишен извештај дава информации за Одборот на деца, наведени во Државниот извештај. Според Народниот правобранител, Одборот даде предлози за подобрување на состојбата на децата во земјата, што потоа се споделени со Министерството за образование и наука и со Владата на Република Македонија[9]. Сепак, нема информации за последователни активности преземени како резултат на тоа, од страна на Министерството или на Владата. Информациите за работата на Одборот на деца по 2005 година, се исто така дефицитарни.

[5] Член 65 од Законот за основно образование, Службен весник на РМ бр. 52/02; член 72(2), Службен весник на РМ, бр. 103/2008

[6] Член 145, Службен весник на РМ, бр. 103/08

[7] Народен правобранител на Република Македонија, Извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето и нејзините протоколи 2000-2005, Скопје, 2007, стр. 10

[8] Народен правобранител на Република Македонија, Годишен извештај за 2005, Скопје, 2006, стр. 59

[9] Исто, стр. 61

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

**Постојат јасни укажувања дека правото на слободно изразување е запоставено по прашањата на образованието. Правната рамка го гледа родителот како единствен претставник на ставовите на детето и го ограничува учеството на детето во сопствено име. Се надеваме дека Комитетот ќе го разгледа ова прашање и ќе ѝ препорача на Владата да создаде можности децата да ги искажат своите ставови во рамките на образовниот процес. Од исклучителна важност е ова учество да се одвива на сите нивоа, од основното ниво на создавање партиципативно опкружување за учење во училницата, преку учество во училишните процеси на донесување одлуки низ ученичките форуми и застапеноста во училишните одбори, сè до консултирање на децата при градењето образовни политики на локално и на национално ниво.**

# 2. Граѓански права и слободи – Физичко казнување: член 19; член 28, став 2

Комитетот ја повикува Државата-договорна страна да ги продолжи своите напори за окончување на практикувањето на физичко казнување во училиштата, да ја мониторира и да ја заведува примената на физичко казнување на децата во сите контексти и да ги вложи сите можни напори да превенира физичко казнување, вклучувајќи и негова забрана со закон. Комитетот, понатаму, ја поттикнува Државата-договорна страна да спроведе кампањи за подигнување на свеста на родителите, особено за штетните последици од физичкото казнување (CRC/C/15/Add.118, para 24).

## ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ

*Вториот периодичен извештај* воопшто не се осврнува на прашањето на физичкото казнување во училиштата.

## НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

Психолошкото и физичкото малтретирање, казнување или каков било нехуман третман на децата се забранети со *Законот за детска заштита*[10] и пропишани се парични казни за секое лице кое го прекршува овој Закон. *Законот за основно образование*[11] забранува физичко и психолошко малтретирање на учениците, а *Законот за средно образование*[12] забранува физичко казнување и психолошко малтретирање.

*Законот за основно образование*[13] предвидува парични казни за училиштето и за одговорниот наставник за малтретирање на ученици, а *Законот за средно образование*[14] предвидува парична казна само за одговорниот наставник, изоставувајќи ја одговорноста на училиштето, бидејќи нема одредба со којашто училиштето се казнува во случај на малтретирање ученици.

Самите поими „физичко и психолошко малтретирање" се неодредени и ниеден закон не дефинира во детали што би можело да претставува физичко и психолошко малтретирање. *Законот за детска заштита*[15] пружа нешто поширока дефиниција во споредба со законите од сферата на образованието, но и тој не е доволно детален и јасен. Ниту еден од законите не предвидува никакви други казни освен парични. Согласно член 96 од *Законот за основно образование*[16] и член 81 од *Законот за средно образование*[17], наставник може да биде отпуштен од работа во случај на незадоволителни резултати во реализацијата на образовниот и воспитниот процес. Не се дава никаква друга причина, како во случај на малтретирање на децата, ниту пак во случај на кривична осуда на наставникот.

[10] Член 9, Службен весник на РМ, бр. 98/2000

[11] Член 67, Службен весник на РМ, бр. 52/2002; член 53, Службен весник на РМ, бр. 103/2008

[12] Член 62, Службен весник на РМ, бр. 52/2002

[13] Член 126, Службен весник на РМ, бр. 52/2002; член 172, Службен весник на РМ, бр. 103/2008

[14] Член 118, Службен весник на РМ, бр. 52/2002

[15] Закон за средно образование, Службен весник на РМ бр. 98/2000; Измени и дополнувања на Законот, Службен весник на РМ, бр. 113/2005

[16] Службен весник на РМ, бр. 103/2008

[17] Службен весник на РМ, бр. 52/2002

Постои можноста за отпуштање наставник за психолошко и за физичко малтретирање, како и за сексуално малтретирање на ученици, што ја дава *Законот за просветна инспекција*[18]. Сепак, оваа одредба не е засилена со сродни одредби во законите за основно и за средно образование. Таа не дава простор за отстранување наставник од неговата/нејзината тековна работа; исто така, не дава никакви информации за тоа дали таков наставник ќе може да бара вработување како наставник во иднина.

## НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ

Мал број извештаи и студии се фокусираат на прашањето на физичкото казнување како практика во училиштата.

- *Мултииндикаторското кластерско истражување 2005-2006 (МИКИ)*[19], ги наведува само начинот на одржување дисциплина во домот и тенденцијата за дисциплинирање на децата, преку различни видови и фреквентност на физичко казнување од страна на родителите/старателите.
- Канцеларијата на Народниот правобранител, во *Извештајот за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето*[20], заклучува „дека ретко се преземаат мерки против наставниците кои применуваат физичко или психолошко малтретирање на децата, дека тие најчесто добиваат благи казни или само парични, дека ретко се суспендираат од работа и дека уште поретко против нив се покренува оптужба..."[21]. Понатаму, цитирајќи го Одборот на деца, Извештајот на Народниот правобранител[22] го посочува фактот дека самите деца ја истакнуваат потребата од правно дефинирање на физичкото и на психолошкото малтретирање, како и од построги казни за наставниците кои применуваат такви методи, посочувајќи дека таквите санкции не би дејствувале само репресивно туку и превентивно, во насока на намалување на распространетоста на насилството кон децата. Како специјална мерка, се предлага и забраната за држење настава за оние наставници кои прибегнуваат кон психолошко и физичко малтретирање.
- Најсеопфатна и веродостојна разработка на ова прашање може да се најде во *Посебниот извештај на Народниот правобранител за присутноста на физичкото, психичкото и сексуалното малтретирање на децата во основните училишта (2007)*, исто така подготвен од страна на Канцеларијата на Народниот правобранител. Посебниот извештај посочува дека не само што децата ја согледуваат присутноста на физичкото и психолошкото малтретирање во училиштата, туку и дека таа се засилува; во некои случаи, воочено е и сексуално малтретирање на децата.

Посебниот извештај извлекува заклучоци на примерок од 4449 ученици од V до VIII одделение (на возраст од 11 до 14 години), од 86 основни училишта. Во поглед на физичкото малтретирање, 28,41% од испитаниците го потврдија неговото постоење во училиштата, но наведоа дека не е често и се практикува само од некои наставници (види **Табела 1**). Децата, исто така, беа во состојба да диференцираат меѓу различни видови на малтретирање, при што доминира шлаканицата, со 25,56% (види **Табела 2**).

[18] Член 27, Службен весник на РМ, бр. 52/2005

[19] Мултииндикаторско кластерско истражување 2005-2006, Република Македонија, Државен завод за статистика, 2007, стр. 106

[20] Народен правобранител на Република Македонија, Извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето и нејзините протоколи 2000-2005, Скопје, 2007

[21] Исто, стр. 18

[22] Исто, стр. 22

Покрај ова, 32,46 % од учениците пријавиле ретка појава на психолошко малтретирање, и тоа од страна на мал број наставници, а 5% пријавиле често психолошко малтретирање во училиштата (види **Табела 3**).

Со цел да се добие заштита од понатамошното насилство, учениците побарале помош првенствено во училиштето (25,31% од испитаниците), а само 1,91% се обратиле до инспекциската служба. За жал, 20,34% од испитаниците навеле дека не е преземено ништо и дека ниту еден наставник не бил казнет или дека казната била несоодветна; 7,24% навеле дека наместо наставникот, бил казнет ученикот.

Она што загрижува повеќе е сознанието дека децата сè уште неволно зборуваат за овие појави, меѓу другото и поради фактот што 13,26% од нив не знаат како или каде да пријават малтретирање, а понатамошни 18,30% се плашат да пријават.

Во однос на сексуалното малтретирање, 12,34% од децата навеле дека наставниците користат вулгарен јазик, 5,17% навеле дека биле сексуално вознемирувани од наставник кој непримерно ги допирал, 4,09% дека биле присилени да исполнат определени непристојни желби на наставниците, а 4,32% навеле дека наставник со измама ги навел на определени сексуални активности. Алармантно е дека само 5,78% го пријавиле малтретирањето дома или на училиште, и тоа без каков било исход, 6,09% го пријавиле малтретирањето и наставникот бил казнет и го поправил своето (не е јасно дали негово или нејзино) однесување, а 13,10% биле или премногу уплашени или премногу засрамени за да го пријават случајот.

Посебниот извештај содржи предлози и препораки до надлежните институции за справување со ова прашање, што се фокусираат на а) обезбедување информации на децата за нивните права, б) ревидирање на домашното законодавство во поглед на малтретирањето во училиштата, в) дефинирање посебни заштитни и казнени мерки, г) почести контроли во училиштата и д) обука на наставниците на тема - правата на децата. Канцеларијата на Народниот правобранител во повеќе наврати го поднела овој и други слични извештаи до Министерството за образование и наука и до Владата[23].

[23] Во 2004 година до МОН, во 2005 година до Владата и во 2007 година до Владата и до МОН

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

**Не е познато кои, доколку воопшто ги има, последователни мерки по Заклучните согледувања се преземени во поглед на физичкото казнување на децата. Фактот дека во Вториот периодичен извештај целосно отсуствува секаков осврт на ова прашање и на можните мерки преземени со цел - подобрување на состојбата, може да се земе како укажување дека ништо или, во најдобар случај, многу не е сторено во периодот на којшто се однесува овој извештај .**

**Иако анализираните извештаи јасно посочуваат постоење физичко, психичко и сексуално малтретирање во основните училишта, законската рамка не обезбедува ефективни мерки за справување со оваа состојба. Самите поими „физичко и психичко малтретирање“ се неодредени и ниеден закон не дефинира во детали што би можело да претставуваат поимите „физичко и психичко малтретирање“. Законите не се усогласени и не пружаат јасни напатствија во поглед на казните за наставниците и за училиштата, ниту за можностите за отпуштање и идно вработување наставник кој е одговорен за психичко и физичко малтретирање.**

**Затоа, би сакале да му советуваме на Комитетот да ѝ предочи на Владата да воспостави јасни и силни мерки против сторителите на физичко, психичко и сексуално малтретирање и да развие ефективни механизми за мониторирање на малтретирањето на децата во училиштата.**

# 3. Здравје и социјална заштита - Деца со пречки во развојот: член 23

Во светлината на Стандардните правила за изедначување на можностите за лицата со пречки во развојот (Резолуција на Генералното собрание 48/96) и препораките на Комитетот усвоени на Денот на општата дискусија за правата на децата со пречки во развојот (CRC/C/69), Комитетот ѝ препорачува на Државата-договорна страна да вложи дополнителни напори да ги интегрира децата со пречки во развојот во образовните и во рекреативните програми што во моментов ги користат децата без пречки. Особено осврнувајќи се на член 23 од Конвенцијата, Комитетот понатаму ѝ препорачува на Државата-договорна страна да продолжи со своите програми за подобрување на физичкиот пристап за децата со пречки во развојот до зградите на јавните институции, вклучувајќи ги и училиштата, да ги ревидира капацитетите и помошта што им се достапни на децата кои имаат пречки во развојот и потреба од специјални услуги, и да ги подобри овие услуги во согласност со одредбите и духот на Конвенцијата (CRC/C/15/Add.118, para 34).

**ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ**

*Вториот периодичен извештај,* на стр. 62 (во англиската верзија) се осврнува на сместувањето на децата со пречки во развојот во посебни образовни програми и на бројот на вака сместените деца. Покрај ова, се наведува потребата од практикување на начелата на инклузијата и од спроведување стручна, кадровска и техничка подготовка на училиштата, за да можат да ги примат децата со посебни образовни потреби, паралелно со продолжување на работата на посебните училишта за згрижување и образование на децата со тешка попреченост. Структурата на Извештајот, каде што образованието на децата со пречки во развојот се третира во делот што се однесува на образованието, а притоа не се спомнува образованието на децата со пречки во развојот, во одговорот на членот 23 посочува на недостаток на интеграција на услугите и непостоење насоченост кон квалитетно образование и социјализација.

*Вториот периодичен извештај на Република Македонија,* на стр. 65 (во англиската верзија) наведува дека „...постојат посебни училишта каде што основното образование се организира **главно** за децата со посебни потреби", со што се отвора можноста деца без пречки во развојот/посебни образовни потреби да се сместени во посебни училишта.

## НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

Македонските закони дозволуваат инклузија на децата со посебни потреби во основното и во средното образование. *Законот за основно образование* наведува дека основно образование за децата со посебни потреби се организира во посебни одделенија или во посебни основни училишта[24]. Нивното образование се реализира согласно специфични наставни планови и програми[25]. *Законот за средно образование*[26] предвидува средното образование да може да се реализира преку планови и програми за: општо образование, стручно образование, уметничко образование и образование за децата со посебни потреби. Средното образование за децата со посебни потреби се изведува согласно специјализирани програми за соодветната струка и преку пружање основни стручни вештини[27].

Сепак, законите за основно и средно образование не ги третираат инфраструктурните и архитектонските бариери, ниту педагошките и дидактичките пристапи и методи.

## НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ

● Народниот правобранител, во својот *Извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето (2007)*, наведува[28] дека со цел да се оствари успешна инклузија на децата со посебни потреби е неопходно:

- воведување соодветен адаптиран образовен процес, организациско, техничко и кадровско осовременување на основните училишта;
- издавање учебници за децата со посебни потреби, зависно од видот на попреченоста во развојот;
- промени во средното образование, во поглед на изборот на занимања за децата со посебни потреби, што одговараат на побарувањата на пазарот на работна сила;
- подобрување на урбанистичките и на сообраќајните решенија за полесен пристап на децата со посебни потреби до образовните установи;
- предвидување на приоритетите при упис во високообразовните установи на децата со посебни потреби, со ослободување од секаква партиципација и со соодветно прилагодување на наставата за оваа категорија лица.

● *Посебниот извештај на Народниот правобранител за вклученоста на децата со посебни потреби во образованието* (октомври 2006 година) ја наведува регулаторната рамка што го определува пристапот кон образованието за децата со пречки во развојот, но ги нагласува бројните проблеми со кои тие се соочуваат во спроведувањето на овие одредби. Значително е што од 226 училишта од каде што се побарани информации, одговориле помалку од 160, од коишто 140 навеле дека во редовните паралелки имаат вклучено деца со пречки во развојот, првенствено со лесни физички или психички пречки, но исто така го нагласиле недостатокот на континуирана помош, што во голем број случаи предизвикува децата да не го завршат

[24] Член 5, Закон за основно образование, Службен весник на РМ, бр. 52/2002; член 10(3), Закон за основно образование, Службен весник на РМ, бр. 103/2008

[25] Член 26, Закон за Основно образование, Службен весник на РМ, бр. 52/2002; член 30, Закон за основно образование, Службен весник на РМ, бр. 103/2008

[26] Член 43, Службен весник на РМ, бр. 52/2002

[27] Член 50, Закон за средно образование, Службен весник на РМ, бр. 52/2002

[28] Народен правобранител на Република Македонија, Извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето и нејзините протоколи 2000-2005, Скопје, 2007, стр. 19-20

своето образование во односното училиште, туку само да престојуваат таму неколку години. Дел од овие деца целосно предвремено го напуштаат образованието, а дел се упатуваат или се решаваат да го продолжат своето образование во посебните училишта. Најчесто наведувани причини за напуштање на редовните училишта се: негативниот став на родителите на другите деца и на наставниците, недостатокот на помошни услови за продолжување на образованието, влошувањето на состојбата на детето итн. Само неколку училишта сметаат дека инклузијата има позитивно влијание врз детето, а и во тој случај само на полето на социјализацијата и стекнувањето навики. Во поглед на напредувањето во учењето, половина од училиштата сметаат дека постигнувањата не се задоволителни. Загрижува тоа што една четвртина од училиштата сметаат дека децата со пречки во развојот се препрека за редовното напредување и учење на другите деца. Од 140-те училишта што одговориле позитивно, 125 навеле дека нивните вработени се недоволно подготвени и обучени за работа со „оваа категорија деца“. Покрај ова, на 90% од училиштата им недостасува присуство од обучени „дефектолози“ (специјален кадар обучен во областа на дефектологијата, а не во областа на образованието за посебни потреби). На училиштата, исто така, им недостасува техничка опрема, соодветни материјали за учење и учебници. Нема можности за индивидуална работа, а наставните методи не се податливи за учењето и развојот на децата со пречки во развојот, додека оценувањето е подеднакво несоодветно. Оттаму, се дава карактеристика дека децата немаат полза од процесот на инклузија, дека се често агресивни и дека го попречуваат образованието на другите деца.

- Во јули 2008 година, од страна на Министерството за правда[29] е изготвен нов Предлог-Закон за воспоставување Народен правобранител за лица со посебни потреби, но тој сè уште не стапил на сила.
- Публикацијата на ОЕЦД од 2006 година - *Education Policies for Students at Risk and those with Disabilities in South Eastern Europe – Students with Disabilities (Образовни политики за ученици под ризик и со пречки во развојот во Југоисточна Европа – ученици со пречки во развојот)* - дава преглед на образованието што им се пружа на децата со пречки во развојот. Меѓу другите прашања, ја наведува практиката на вклучување на децата со пречки во развојот во редовните училишта, на проектна основа; ги нагласува потешкотиите на коишто се наидува притоа, како, на пример: „... мошне ретко е достапна помош за децата со посебни потреби во редовните училишта“ и „...не постои статистика за сите деца со посебни образовни потреби вклучени во редовните паралелки во редовните училишта“ (стр. 157 и стр. 161). Оттаму, тешко е да се утврди бројот на децата со пречки во развојот во образовниот систем (освен оние кои учат во посебните училишта), како и да се оцени напредокот што земјава го остварува во овој поглед.

[29] Предлог за усвојување Закон за народен правобранител за лица со посебни потреби, преку нацрт-закон www.pravda.gov.mk/documents/zakprovobran.pdf

## ДЕЦА-РОМИ

Прашањето на образованието на децата со пречки во развојот ги загрижува мнозинските групи, но станува алармантно кога се во прашање децата-Роми, кои се клучна група во овој Коментар. Веќе подолго време во земјава се дискутира дали децата-Роми се поподложни да бидат прогласени или сметани за деца со пречки, но тие дефинитивно почесто се упатуваат во посебни училишта, со или без оглед на пречката во развојот што тие можеби ја имаат или не, од причини што немаат ништо заедничко со образованието. Не постојат директни податоци што ги потврдуваат или ги побиваат овие искази, а ние ќе понудиме некои аргументи во корист на тврдењето дека образованието на децата со посебни образовни потреби и образование на Ромите заслужува повисоко внимание од Комитетот.

- *Националната стратегија за Роми,* координирана од Министерството за труд и социјална политика, на стр. 47 срамежливо ја наведува појавата на запишување на децата-Роми во училишта „за деца со лесен ментален хендикеп, со цел полесно да го завршат училиштето и да се вработат. Сепак, кај нас, тоа не е масовен тренд".
- Извештајот *Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch 2007 (Ромски активисти го оценуваат напредокот на декадата на ромска инклузија 2005–2006),* цитирајќи информации од Фондот за образование на Ромите, на стр. 98 посочува дека „тестовите за подготвеност за училиште не се културно чувствителни и многу деца-Роми на кои им е туѓ контекстот на формалното образование се упатуваат кон посебни училишта, како резултат на таквите тестови".
- *Мултииндикаторското кластерско истражување 2005-2006 (МИКИ)* извлекува заклучоци за интерната диспропорција на процентот на деца кај некои популациски групи кои веројатно страдаат од некој вид попреченост, според изјавите на мајката. На стр. 54 се заклучува дека процентот на деца со пречки во развојот е повисок кај најсиромашните - 12%, во споредба со 8% кај најбогатите домаќинства на деца чиишто мајки беа вклучени во истражувањето. Покрај ова, кај ромските деца поверојатна е појавата на најмалку една попреченост што ја пријавиле. Разликите меѓу децата-Македонци, децата-Албанци и децата-Роми се прикажани во Табела 4.
- Извештајот на ИОО од 2007 година, *Мониторинг-извештај (ЕУМАП) Еднаков пристап до квалитетно образование за Роми - Македонија*[30], посочува дека „...според невладини извори, сегрегацијата на децата-Роми во посебни училишта за деца со интелектуални пречки во развојот станува сè поголем проблем". Понатаму, цитирајќи ја Швајцарската агенција за развој и соработка - СДЦ[31], се наведува дека неофицијални податоци укажуваат на фактот дека во споредба со децата од други етнички групи, „...децата-Роми се диспропорционално повеќе застапени во училиштата и одделенијата за деца со пречки во учењето. Неофицијални податоци од училиштата покажуваат големо присуство на учениците-Роми во посебните основни училишта, посебните одделенија во редовните училишта и во заводите за образование и рехабилитација". Според Оцената

[30] Equal Access to Quality Education For Roma, Macedonia, Vol. 2: Croatia, Republic of Macedonia, Montenegro, Slovakia, Open Society Institute, EU Monitoring and Advocacy Program (EUMAP), Education Support Program, Roma Participation Program, 2007, стр. 199-200 (во англиската целосна верзија)

[31] Roma Education Fund, project overview, достапно на http://www.sdc.admin.ch/index.php?navID=65552&langID=1&

на Фондот за образование на Ромите за состојбите во земјата *(REF Country Assessment*[32], стр. 27), „...скоро 30 проценти од учениците во посебните основни училишта, во посебните одделенија во рамките на редовните училишта и во заводите за образование и рехабилитација, се Роми. Соодносот на Ромите во посебното школување далеку го надминува процентот на Ромите во вкупната популација во земјата, ситуација што укажува на сериозни предрасуди во уписните процедури и во дистрибуцијата на социјално осигурување и помош на семејствата." Мониторинг-извештајот (претставувајќи го системот на категоризација, т.е. изјава за потребите) понатаму наведува дека мнозинството од децата кои имаат пречки во учењето „...остануваат дома, додека оние кои се запишуваат во посебните училишта често немаат никакви пречки; системот е критикуван како неправилен и особено штетен за ромското малцинство". Повторно цитирајќи ја оценката на ФОР, Извештајот на стр. 225 наведува дека„. . .децата-Роми можат да се запишат во посебни училишта без категоризација и без да се спроведат тестови во посебните училишта или во одделенијата во рамките на редовните училишта".

- *Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски насоки на Фондот за образование на Ромите (2007)*[33], на стр.11, исто така, се осврнува на прашањето на сè уште присутната сегрегација на децата во посебните училишта и во посебните одделенија. Ги повторува изјавите дадени во Извештајот на ЕУМАП (види погоре) за несразмерната застапеност на Ромите во училиштата и во одделенијата за деца со пречки во учењето. Понатаму, изразува загриженост дека со новиот Закон за децентрализација, одговорноста за категоризацијата на децата со пречки во развојот (стандардна процедура што се применува за да се определи видот и нивото на попреченост, што од своја страна го определува додатокот, здравствената заштита и сместувањето во училиште) треба да се пренесе од националната институција задолжена за оваа постапка (Заводот за ментално здравје), на општинско ниво, каде што е очигледен недостатокот на стручни лица и запознатост со процедурата (квалитетот, соодветноста и фокусираноста врз детето во оваа процедура се сосема друго прашање). Ова пренесување би можело негативно да се одрази и врз определбата на земјата кон инклузивни практики, како и врз состојбата на најранливите групи.

[32] Фондот за образование на Ромите, Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиските насоки на Фондот за образование на Ромите, Будимпешта, 2007

[33] Исто

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Различните извештаи даваат доволно показатели за тоа дека правата на образование на децата со пречки во развојот не се целосно задоволени и го наметнуваат прашањето за правилно сместување на децата-Роми во посебните училишта. Ова би требало да претставува доволно силен мотив Комитетот да го отвори ова прашање и енергично да ѝ**

**предложи на Владата преземање сериозна акција во насока: а) на воспоставување механизми за мониторирање и известување за образованието на децата со пречки во развојот, б) на подобрување на политиките, а особено на практиките на запишување и пристап до основното и до средното образование за сите деца со пречки во развојот, соодветно со нивните потенцијали, в) да се погрижи инклузијата да се практикува на онолку широка основа колку што е тоа можно, при што училиштата ќе ги задоволат сите дополнителни архитектонски и кадровски барања и г) да се погрижи децата од етничките малцинства да не се сместуваат непотребно во посебните училишта наменети за децата со пречки во развојот.**

# 4. Образование, слободно време и културни активности

Комитетот ѝ препорачува на Државата-договорна страна да продолжи со своите напори за зголемување на стапката на запишување на сите деца од малцинствата во основните и во средните училишта, со посветување особено внимание општо на девојчињата и посебно на децата од ромското малцинство (CRC/C/15/Add.118, para 43).

Во врска со член 2 и член 28 од Конвенцијата за правата на децата, и со цел обезбедување еднаков стандард на образовни услуги во сите училишта, поттикнување на посеопфатно запишување, намалување на осипувањето и зголемување на бројот на децата од малцинствата кои следат високо образование, Комитетот препорачува Државата-договорна страна да го ревидира распределувањето на финансиски и други ресурси на сите основни и средни училишта, со посебно внимание на подигнувањето на квалитетот на образованието во училиштата каде што наставата се изведува на јазиците на малцинствата. Комитетот препорачува, покрај ова, Државата-договорна страна да го разгледа зголемувањето на бројот на часови наменети за изучување на македонскиот јазик во училиштата каде што наставата се изведува на јазиците на малцинствата, на доброволна основа, со цел да се обезбеди децата кои зборуваат малцински јазици да се во состојба да учествуваат на порамноправно ниво со децата што го зборуваат македонскиот јазик во високото образование, каде што приемните испити и наставата се одвиваат првенствено на македонски јазик. Комитетот воедно сугерира наставните програми во сите училишта повеќе да се фокусираат на персоналниот развој и стручната обука на учениците и на меѓуетничката толеранција. Комитетот препорачува Државата-договорна страна во овој поглед да побара техничка помош од УНИЦЕФ (CRC/C/15/Add.118, para 45).

## 4.1. Правото на образование: член 28 (воедно осврнувајќи се на начелата на недискриминација – член 2 и најдобар интерес – член 3)

### 4.1.1. Пристап, запишување и осипување

**ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ**

Во својот *Втор периодичен извештај,* покрај претставувањето на целите на односните образовни потсистеми, нивната структура и намерите и плановите на Државата, онака како што се наведени во официјалните документи, Државата дава некои податоци за бројот на деца, одделенија и училишта, како и за запишувањето, осипувањето и, во случај на средното

образование, за стапката на напуштање. Сепак, податоците се општи, без дисагрегација според пол или етничка припадност. Ромите се спомнати како група со најголема стапка на осипување (стр. 60 во англиската верзија - основно образование и стр. 67 во англиската верзија – средно образование).

Во врска со Заклучните согледувања на Комитетот што поттикнуваат на постојано понатамошно подобрување на програмите на сите нивоа, со цел да се овозможи посветување време на „...персоналниот развој и стручната обука на учениците и на меѓуетничката толеранција", Вториот периодичен извештај со еден ред се осврнува на ова прашање, наведувајќи дека „исто така, се спроведуваат проекти од мултиетнички карактер, во согласност со Уставот и Законот за основно и средно образование" (стр. 58 во англиската верзија). Што се однесува до персоналниот развој, единствено се спомнуваат програмите спроведени „... со цел да се намалат облиците на насилство и другото неправилно однесување, вклучувајќи користење психотропски супстанци во училиштата...", за да се овозможи „...развивањето персонални животни стилови, како и растењето..." (стр. 62 во англиската верзија). Исказите за стручната обука се дадени при презентирањето на структурата и целите на средното стручно образование; сепак, тие не се однесуваат на програмите, ниту на суштината на препораката стручната обука да биде присутна во програмите во сите училишта.

Може да се најдат многу спротивставени наоди и заклучоци по прашањето на осипувањето во основното и во средното образование. Вториот периодичен извештај дава годишна стапка на осипување од 1,71% во основното образование и од 2,84% во средното образование (со дадена дополнителна годишна стапка на напуштање на средното образование[34] од 0,88%), при што најголем е процентот на деца кои го напуштаат образованието на преминот меѓу основното и средното образование – 16,65%. Особен проблем што го отежнува мониторирањето и анализирањето на податоците за запишување е незадоволителната достапност на дисагрегација на национално и на локално ниво. Кога се работи за Ромите, ова е уште повеќе отежнато од други фактори, како што се нерегулирано државјанство, непоседување лични карти и други документи за идентификација од страна на родителите, непостојано место на живеење итн.; се доаѓа до една ситуација, илустрирана во проектната публикација на УНДП и Државниот завод за статистика (2004) - *Мапирање на социоекономските диспаритети меѓу општините во Македонија,* каде што во Општината Шуто Оризари (доминантно населена од Роми) процентот на деца на возраст 7-14 години кои посетуваат училиште изнесува 128,5%. Затоа, ќе разгледаме еден број на домашни (од и заедно со Владата) и меѓународни (независно подготвени) извештаи, во обид да се стекнеме со поцелосна слика на состојбата со запишувањето на децата-Роми и нивното редовно посетување на наставата во (првенствено) основното и во средното образование.

[34]Поимот напуштање се користи во овој Извештај со значењето - осипување/прерано напуштање/прекинување

## НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

Начелото на недискриминација во образованието формално се гарантира во Уставот на Република Македонија. Членот 9 од Уставот гарантира рамноправност за сите граѓани, а членот 44 наведува дека секој има право на образование, што им е достапно на сите под еднакви услови.

Сепак, не постои специфичен закон за недискриминација, што би ги зајакнал уставните гаранции преку одредби против дискриминацијата. Иако во септември 2008 година беше подготвен *Нацрт-Закон за заштита од дискриминација* (и подоцна, во ноември истата година, беше ревидиран), тој сè уште не е финализиран и поднесен до Собранието.

Законската рамка за основното образование пропишува бесплатно задолжително образование за сите деца и, со новиот Закон од 2008 година, се забранува секаква дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка и верска припадност и финансиски и социјален статус. Сепак, законската рамка не предвидува никакви мерки за надминување на пречките кон остварување на пристап до и достапност на образованието за сите деца.

Со измените во законите од 2007 и 2008 година, задолжителното образование во Република Македонија се состои од деветгодишно основно образование и од средно образование, без во Законот за средно образование (2008) да постои специфично наведување на времетраењето на задолжителното средно образование; оттаму потекнува конфузијата околу времетраењето на задолжителното образование и возраста кога тоа завршува.

Постои определена загриженост за тоа дека одредбите на *Законот за задолжително средно образование* и неговите формулации не се зафаќаат со состојбата и потребите на оние ученици кои споро учат, на повторувачите и на оние деца кои подоцна се запишуваат или поминуваат значително време надвор од училиштето. Постои системски непокриена празнина за сите оние деца кои повторуваат една или повеќе години на основното или на средното образование, без оглед на тоа дали тие се ослободени од обврската да го завршат основното образование или да се запишат во средното образование, од причина што можат да достигнат возраст на којашто за нив веќе не важи обврската да посетуваат училиште; постојат и недоумици околу формулациите и пропустот да се наведе (без разлика дали намерно или не) горната возрасна граница на којашто престанува да важи обврската за задолжително образование.

Новиот *Закон за учебници*[35] предвидува бесплатни учебници за сите ученици во основното и во средното образование, почнувајќи од учебната 2009/2010 година, но трошоците на другиот училиштен и потрошен материјал се скоро еднакви со трошоците за учебници и се сè уште над можностите на семејствата што живеат на или под линијата на сиромаштија. Покрај ова, претходната дефиниција на (парична) казна за родител чиешто дете не е запишано или редовно не посетува училиште, во 2008 година беше изменета во парична казна за родител кој не му овозможува на детето да ја исполни обврската за задолжително образование и воспитание[36]. Ова би можело лесно да се интерпретира како парична казна за родител кој не му ги обезбедува на своето дете потребните училишни материјали или соодветна облека за на училиште.

[35] Член 6, Службен весник на РМ, бр. 98/2008

[36] Член 172 (4), Закон за основно образование, Службен весник на РМ, бр. 103/2008

## НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ

● Иако задолжителното образование треба да им се овозможи на сите деца, за да може да се запише на училиште детето треба да биде заведено во Матичната евиденција на родените. Посебната информација за состојбата со уписот на децата во матичната евиденција на родените (2008) посочи 244 незаведени деца-корисници на Дневниот центар за деца од улица во Скопје, како и дополнителни 51 дете за коишто податоци доставиле невладините организации. Извештајот воедно ги презентира проблемите при откривањето на точниот број на незаведени/незапишани деца во Македонија и недостатокот на информации за овој проблем. Оттаму, тешко е да се определи бруто-стапката на запишување во земјата, и често оваа стапка се однесува само на децата кои се заведени.

● Иако формално образованието е бесплатно, другите поврзани приватни трошоци го прават тежок товар за родителите, што понекогаш резултира со нерамноправност и осипување. Од друга страна, социјалните трансфери што имаат за цел пружање финансиска помош за родителите со ограничени материјални средства, се по природа дискриминаторни, според толкувањето на Народниот правобранител[37], и се однесуваат само на децата кои редовно посетуваат училиште, децата на вработени родители, корисниците на социјална помош, поранешните воени лица со попреченост или корисниците на посебен додаток, фармерите или занаетчиите[38]. Ова значи дека децата кои не посетуваат редовно училиште или оние чиишто родители немаат никаков приход, немаат право на детски додаток. Народниот правобранител понатаму наведува дека ограничувањата на највисокиот износ на помош, определени со закон, негативно влијаат врз семејствата со поголем број на деца, бидејќи тие не добиваат пропорционален надоместок за секое дете.

## ДЕЦА-РОМИ

За овој Коментар, од една страна е зачудувачки што алармантните резултати и наоди коишто се однесуваат на ромската популација не поттикнуваат специфично наменско дејствување, но уште повеќе што тие воопшто не нашле место и не се разгледани во Вториот периодичен извештај, што претставува релевантен доказ за очигледното непридржување кон одредбите на Конвенцијата за правата на децата, од страна на Владата.

● Националната стратегија за Роми, координирана и нарачана од страна на Министерството за труд и социјална политика (МТСП), го признава фактот дека запишувањето и осипувањето на Ромите во основното и во средното образование е голем проблем, што во голема мера ја детерминира континуираната сиромаштија, а на стр. 46-47, како најпогубни фактори за ниското образовно ниво на Ромите, меѓу другото, ги наведува следниве[39]:

- голем процент на децата не се запишуваат во предучилишното образование;
- детскиот труд се користи во неформалниот економски сектор;

[37] Народен правобранител на Република Македонија (2007), Извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето и нејзините протоколи 2000-2005, Скопје, стр. 6

[38] Член 2, Закон за измени и дополнувања на Законот за детска заштита, Службен весник на РМ, бр. 17/2003

[39] Од исцрпниот список, ги вклучивме само оние што директно се однесуваат на прашањата коишто се отвораат во овој Коментар и најчесто претставуваат директна последица на нееднаквоста и пропустите на самиот образовен систем

- мрежата на предучилишни и училишни установи за прифаќање на сите ромски деца е недоволно развиена;
- недоволното познавање на македонскиот јазик кога децата се запишуваат во прво одделение, и како резултат на тоа – неможноста да се следи наставата;
- голем број од запишаните деца се осипуваат во текот на осумгодишното училиште, посебно по петтото одделение;
- нефлексибилниот однос на раководниот кадар и на стручната служба во училиштата во однос на уписната политика, посебно во училиштата каде што Ромите се во значително малцинство;
- ниското ниво на едукација (неписменоста) на родителите;
- отсуството на свест за важноста на образованието, посебно на родителите и на средината;
- учебниците и другата школска опрема се премногу скапи за ромските семејства;
- слабиот успех на децата дејствува демотивирачки за продолжување на образованието;
- полошите услови за настава во училиштата каде што учат Ромите, во однос на останатите, што негативно се одразува на квалитетот на образованието;
- сегрегацијата и дискриминацијата;
- недоволната сензитивност на некои наставници и на стручните служби за проблемите и потребите на децата-Роми;
- постоењето стереотипи за Ромите.

● Најсеопфатен преглед на општата стапка на запишување и осипување може да се најде во *Извештајот на Република Македонија за милениумските развојни цели, 2005,* стр. 31, претставен во **Табелата 5**; ова е единствената анализа на вертикалната проодност на една генерација изготвена во земјава, во периодот за којшто се поднесува овој периодичен извештај. Ни посочува дека, на национално ниво, само 69% од децата запишани во прво одделение во учебната 1991/1992 година, навреме завршиле средно образование во учебната 2002/2003 година. Без оглед на тоа дали годишната стапка на осипување наведена во Вториот периодичен извештај е или не е сеопфатна, гледана во изолација не делува мошне значително и може лесно да се пренебрегне како не многу сериозно прашање; но, доколку се акумулира годишно на иста генерација деца, дава мрачна слика за тоа дека скоро една третина од децата не завршуваат средно образование.

Извештајот, исто така, ја дава стапката на учество на девојчињата според етничката припадност; **Табелата 6** го резимира процентот на девојчиња во општата ученичка популација што го завршува основното, односно средното образование. Иако соодносот на девојчиња и момчиња во основното и во средното образование укажува на релативна еквивалентност на национално ниво и соодветствува со демографската структура на населението, се појавуваат диспаритети кога ранливите групи се преклопуваат со прашањето на полот, како што е случајот со ромските девојчиња. Иако стапката на учество на ромските девојчиња во основното образование покажува подобрување во периодот меѓу 1997/1998 и 2002/2003, во истиот период укажува на опаѓање во средното образование.

● Понатаму, најновиот извештај на тема за образованието - *Долг е патот до оптиштеството базирано на знаење, ФИООМ (2009),* разгледувајќи ја успешноста на Македонија во постигнувањата на одредниците на ЕУ во областа на образованието и обуката (врз основа на Работната програма - Образование и обука 2010), нè известува дека Македонија во 2002 година имала стапка на лица кои предвреме го напуштаат образованието[40] од 32,2% - од коишто најголемиот дел се жени, без податоци за подоцнежните години (споредено со хрватската стапка од 3,9% во 2007 година). Во овој Извештај понатаму се наведува дека иако стапката на запишување на Ромите е висока и изнесува 90-95%,„. . . само 45-50% го завршуваат основното образование"; цитирајќи податоци од Пописот од 2002 година, Извештајот нагласува дека над 90% од Ромите на возраст над 15 години или завршиле само основно образование или не го завршиле ниту тоа, или сè уште посетуваат основно образование; покрај тоа, само 9,2% од Ромите се заведени со завршено средно образование, а само 0,3% со некаков вид на постсредно образование.

● *Мултииндикаторското кластерско истражување 2005-2006 (МИКИ)*[41] пружа подетални податоци за запишувањето, редовното посетување, завршувањето на основното образование, продолжувањето во средното образование и завршувањето на средното образование (види **Табела 7**)[42].

Податоците укажуваат на фактот дека Ромите постигнуваат мошне полоши резултати во сите категории; нивните стапки на запишување, задржување во системот, завршување и преминување во повисоко ниво се многу пониски од односните стапки на другите групи; она што особено загрижува, иако не и изненадува, се ниските стапки на редовно посетување и завршување во сегментот на задолжително образование, особено стапката за завршување на основното училиште.

● Извештајот *Роми-активисти го оценуваат напредокот на Декадата на ромска инклузија (Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch, 2007)* со право го посочува фактот дека достапните податоци се однесуваат само на децата во рамките на системот; не се достапни информации за децата кои никогаш не стапиле во системот или кои во некој момент го напуштиле. Воедно, училиштата често одбиваат ученици-Роми, со тврдењето дека запишале премногу ученици. Бидејќи во македонскиот образовен систем не се применува пер-капита шема на финансирање, училиштата не се поттикнати да запишат онолку ученици колку што можат. Како резултат на ова, учениците-Роми често завршуваат во најмалку привлечните училишта, каде што се помали шансите учениците кои не се Роми да се запишат или да останат (стр. 98). Забележани се случаи на етнички сегрегирани училишта (Фонд за образование на Ромите). Македонските закони во моментов не предвидуваат никакви механизми за превенирање или казнување на таквите случаи на образовна сегрегација.

Извештајот понатаму ја посочува потребата да се реформира образовниот систем, за соодветно да одговори на потребите на едно мултикултурно општество. „Не постои систематска, задолжителна „анти-биас" обука за наставниците и никаква интегрираност на ромската култура и историја во наставните програми". Иако „анти-биас" обука се организираше од страна на

[40] Се користи индикаторот на ЕУРОСТАТ за Прерано напуштање на образованието: возраст 18-24 години, највисоко постигнато ниво ISCED 2 и неучество во образование или обука во последните четири недели пред собирањето на податоците

[41] Мултииндикаторско кластерско истражување 2005-2006, Република Македонија, Државен завод за статистика, 2007

[42] Треба да се напомене дека податоците се базираат врз примерок на 5250 домаќинства, со 350 кластери, и 15 домаќинства во секој кластер, распоредени низ целата земја и меѓу сите етнички групи. За ромската популација се извршени дополнителни потподелби и стратификација, за да се зголеми достапноста и релевантноста на податоците. Собраните податоци не беа претходно достапни во земјата и треба да се земат предвид исклучително сериозно.

Фондацијата Институт отворено општество - Македонија, од тоа не произлегоа последователни образовни политики. Повикувајќи се на наоди на Фондот за образование на Ромите, Извештајот нуди коментари во однос на наставните програми, учебниците и квалитетот на наставата: „Доколку Ромите се спомнуваат во учебниците, тие често се претставени на начин што ги засилува, наместо да се бори против негативните стереотипи. Не е развиена наставна програма за ромскиот јазик и не се организира јазична подготовка со цел - интеграција во редовните училишта на децата чијшто мајчин јазик е токму ромскиот. Наставници-Роми има малку и се реткост, така што најголемиот дел од учениците-Роми имаат наставници кои се оптоварени со предрасуди и негативни стереотипи“[43].

● Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски насоки на Фондот за образование на Ромите (2007), пружа мошне сеопфатен преглед на состојбата во образованието на Ромите, врз основа на податоците од официјалниот Државен завод за статистика и пресметките направени за самата студија (стр. 34), што укажува на екстремно тешката состојба со којашто децата-Роми се соочуваат во поглед на своето образование (види **Табела 8**).

Иако овој Извештај, цитирајќи податоци од Државниот завод за статистика, користени во Извештајот на Република Македонија за Милениумските развојни цели од 2005 година, потврдува определени подобрувања во стапките на запишување и задржување во училиште на Ромите, како што се: зголемувањето на уделот на учениците-Роми во вкупниот број на ученици кои завршуваат основно образование - од 1,15 на 2,08 проценти, во периодот меѓу учебните 1997/1998 и 2002/2003 година, како и зголемувањето на уделот на учениците-Роми меѓу учениците кои завршуваат средно образование во истиот период - од 0,36 на 0,59 проценти, овие промени се припишуваат главно на демографските трендови, засилените кампањи за охрабрување на образованието и на активностите на невладините организации, а на стр. 31 се заклучува дека „сепак, процентот на учениците-Роми, особено на оние во средното образование, е значително помал во споредба со нивниот процент во однос на целокупното население“.

Извештајот понатаму дава елаборација за бариерите што ги спречуваат децата-Роми во целосното уживање на нивното право на образование, како што се:

- Немање извод од книгата на родени и/или документ со којшто се потврдува местото на живеење, со што им се овозможува на недобронамерни или преполни основни училишта да одбијат да запишат деца[44];
- Неприменување проактивни теренски практики, со што се остава на интересот на родителите да дојдат во училиште и да си го запишат детето;
- Тековните практики за процена на подготвеноста на детето за поаѓање во училиште што се спроведуваат на јазикот на којшто се реализира наставата во училиштето, а којшто не е секогаш мајчиниот јазик на детето, и коишто налагаат запознатост со активности со хартија и боички и други компетенции базирани на генералните културни текови во

[43] Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch, 2007, стр. 98

[44] Ова понатаму се елаборира со фактот што училиштата не се финансираат на пер-капита основа и нивниот приход не зависи од бројот на ученици, туку од исполнување минимални квоти што се потребни за да се одржат постојните одделенија и вработените наставници

општеството. Децата-Роми честопати покажуваат слаби резултати на овие тестови и се охрабруваат да се запишат во посебни училишта или во посебни одделенија во рамките на редовните училишта;

- Тековните практики на запишување во средното и во високото образование се на конкурентна основа и се базираат врз успехот, односно врз просекот на оценките од основното односно средното образование, а започнувајќи од учебната 2007/2008 година се базираат и врз резултатите од матурските испити, како единствени критериуми што учениците-Роми, со оглед на нивните севкупни образовни искуства и постигања, можат само со тешкотии да ги остварат;
- Непостоење финансиски иницијативи за инклузивно образование, како што се бесплатни оброци, учебници, школски прибор, стипендии, како и дополнителни часови и/или менторство[45];
- Постоење дискриминација, бидејќи не постојат оперативни и генерално прифатени механизми за борба против дискриминацијата во училиштата и бидејќи програмите и учебниците не претпочитаат мултикултурност; обата фактора водат кон можна сегрегација;
- Квалитетот на образованието на Ромите во многу случаи е супстандарден, особено во раните степени на образование, и децата-Роми едноставно напредуваат во следното одделение, без притоа да го имаат исполнето минимумот барања, што предизвикува слаби резултати во погорните одделенија, што пак, од своја страна, води кон повторување, осипување, бегање од часови и/или слаби постигнувања.

Од подготвувањето на овој Извештај наваму направени се определени подобрувања, како, на пример: се започна со дистрибуирање бесплатни учебници за социјалните случаи во учебната 2008/2009 година и се доделени стипендии на околу 650 Роми-средношколци запишани во прва година во истата учебна година

● *Наративниот извештај кон регионални упатства за интеграција на Ромите од Европскиот центар за малцински прашања, 2004 (Narrative Report Towards Regional Guidelines for the Integration of Roms by the European Centre for Minority Issues)*, донесува заклучоци за главните фактори што се одговорни за ниското ниво на образовни постигнувања на ромската популација во Македонија:

- *Јазична бариера:* околу 80% од ромската популација во Македонија говорат ромски како мајчин јазик, оттаму „школските постигнувања се предвидливо несоодветни за децата-Роми, кои влегуваат во основното училиште без течно да го говорат јазикот на којшто се одвива наставата"; покрај ова, како резултат на својот јазичен хендикеп, многу од нив се упатуваат во образовни институции за деца со посебни потреби;
- *Слаби предзнаења:* бидејќи постојното законодавство бара одобрение од родителите за децата да повторуваат учебна година, голем дел од децата стигнуваат до петто одделение од основното образование, без неопходните знаења или компетенции;
- *Семејство:* директните трошоци поврзани со праќањето на децата во училиште (како што се облека, книги, материјали и превоз), комбинирани со трошоците за неискористената можност да се пратат децата да заработат пари (детски труд или просење), ги одвраќаат многу од родителите-Роми од запишување и задржување на децата во училиште. Покрај

ова, свесноста за важноста на образованието е мошне ниска кај голем дел од ромските семејства и многу деца-Роми едноставно не можат да стекнат основни интелектуални вештини од своите примарни обрасци за однесување;

- *Родови предрасуди:* во некои ромски семејства, сите средства достапни за образование се насочуваат кон машките деца, за сметка на женските, поради тоа што инвестициите во ќерките се губат при нивното мажење, кога ќерките се селат во домаќинството на семејството на сопругот;
- *Гетоизација/етничка изолација:* Децата-Роми во етнички мешаните училишта понекогаш се изолирани од неромските деца од страна на наставниците, кои ги седнуваат во последниот ред во училницата.

● Извештајот на ИОО од 2007 година, *Мониторинг-Извештај (ЕУМАП) Еднаков пристап до квалитетно образование за Роми - Македонија*[46], ги резимира достапните студии и извештаи и пружа дисагрегирани податоци за основното образование по возраст, односно по година на посетување на училиштето (види **Табела 9**).

- Наодите посочуваат видливо повисока стапка на осипување кај Ромите; тие заостануваат зад националниот просек и воедно зад населението што живее блиску до ромските населби.
- Стапката на запишување во средното образование кај Ромите претставува уште подрастичен контраст со општиот национален просек; ова понатаму резултира со уште пониска стапка на завршување (види **Табела 10**).
- Анализирајќи ги необработените податоци добиени од *Процената на осипувањето на учениците во основното и средното образование во РМ*, Уницеф, 2003, Извештајот ЕУМАП пружа преглед на стапката на осипување/отпишување по возраст/година на образование, за периодот 2001/2002 и 2002/2003 (види **Табела 11**).
- Годишната стапка на осипување наj Ромите е очигледно мошне повисока - од три до 25 пати - од онаа на македонските деца. Извештајот укажува на највисоката стапка на осипување што се појавува во V одделение, кога, како што е посочено и во многу други извештаи, децата-Роми се соочуваат со барањето да го покажат и да го применат знаењето што го стекнале во текот на одделенската настава; во тој момент, доаѓа до израз бесполезноста на автоматското преведување што се практикува до IV одделение, како лоша услуга на децата-Роми кои сега се оставени сами на себе, без потребните знаења и вештини. Повикувајќи се на „Нацрт-стратегијата за развој на образованието" на МОН, *Извештајот ЕУМАП* обрнува внимание на практиките за оценување, што се „...меѓу најслабите точки на системот...", заедно со законската одредба што бара родителска согласност за децата да повторуваат одделение, коишто заедно се главните причини што една четвртина од децата-Роми се осипуваат во текот на една година. Една од негативните последици на пониските стандарди што се применуваат за мерење на успешноста на децата е фактот што „...учениците-Роми можеби добиваат настава од послаб квалитет, во споредба со учениците кои не се Роми".
- Воспоставувајќи врска меѓу високата стапка на осипување и слабиот квалитет на наставата, Извештајот тврди дека

[46] Equal Access to Quality Education for Roma, Macedonia, Vol. 2: Croatia, Republic of Macedonia, Montenegro, Slovakia, Open Society Institute, EU Monitoring and Advocacy Program (EUMAP), Education Support Program, Roma Participation Program, 2007

училиштата со висок процент на ученици-Роми често имаат наставници „без неопходни квалификации и, како резултат на ова, квалитетот на образованието е многу послаб, а осипувањето најголемо". Повикувајќи се на *Извештајот на Европскиот центар за малцински прашања од 2004 година* (стр. 30), квалитетот на наставата во ОУ „Браќа Рамиз и Хамид"[47] се смета за послаб отколку во училиштата со помал број на ученици-Роми, бидејќи некои наставници, според кажувањата, „се сметаат за деградирани ако работат во ромска средина, со деца-Роми".

Едно прашање што е релевантно за образованието на Ромите е „фиктивното" запишување. Ова прашање никогаш не било истражувано и само се допира во проектни извештаи, бидејќи не е нешто за што своеволно се зборува. Во желбата да им се направи услуга на ромските семејства за да не ја загубат социјалната помош, училиштата заведуваат деца-Роми, без од нив да бараат редовно да посетуваат училиште. Оттаму, одделенијата каде што во септември се запишале Роми, завршуваат со помалку ученици од просечниот број или од минималниот број на ученици што го пропишуваат законите. Единственото споменување на фиктивните ученици може да се најде во Одговорот на Владата (Министерството за образование и наука) на Република Македонија, на пратеничкото прашање поставено на 48-мата седница на Собранието на Република Македонија, каде што, одговарајќи на односното прашање, се спомнува проблемот со фиктивните одделенијата, во контекст на одделенијата со пет, три и два ученика.

[47] Едно од најголемите училишта во земјата што речиси исклучиво го посетуваат Роми

**Случај 1**

Извадок од Писмениот коментар на Европскиот центар за права и Националниот центар за Роми, во врска со Поранешната југословенска Република Македонија, за разгледување од страна на Комитетот на Обединетите Нации за економски, социјални и културни права, на неговата 37-ма сесија, 19-ти септември 2006 година (Written Comments of the European Rights Centre and the National Roma Centrum Concerning the Former Yugoslav Republic of Macedonia for Consideration by the United Nations Committee on Economic, Social and Cultural Rights at its 37th Session, 19 September 2006):

„...На пример, во текот на учебната 2005/2006 година, училишните власти сместија пет ромски ученици во сегрегирани паралелки „само за Роми", во ОУ „Гоце Делчев" во Гостивар, Македонија (дневен весник „Време", 26-ти април 2006 година). „Време" го цитираше г-дин Реис Јонузи, наставникот на учениците, кој изјавил дека паралелките се формирани бидејќи наставниците-етнички Македонци и Албанци од други паралелки, не сакале да ги прифатат децата во своите одделенија. Кога започнале со работа во септември, паралелката, според кажувањата, имала петнаесет деца. Но, десетте етнички Македонци од паралелката биле бргу префрлени во други паралелки. Според „Време", г-дин Јонузи смета дека доколку училиштето не извршело дискриминација кон учениците-Роми, и тие, исто така, би биле префрлени во други паралелки набргу по почнувањето на учебната година. Написот наведува дека истата ситуација се случила и во учебната 2004/2005 година".

### 4.1.2. МАЛОЛЕТНИЧКИ БРАКОВИ

**ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ**

*Вториот периодичен извештај* воопшто не се осврнува на прашањето на малолетничките бракови меѓу Ромите (или која било друга група), како причина за неучеството во основното или во средното образование.

**НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА**

Според законот, брак на лица под 18-годишна возраст не е дозволен во Република Македонија, освен во случаи пропишани со Законот за семејство[48], каде што надлежниот суд може да донесе одлука да се дозволи брак на лице над 16-годишна возраст, кое ја достигнало физичката и менталната зрелост потребна за исполнување на правата и обврските на брачната заедница, според мислењето на здравствена установа и на Центарот за социјална работа.

[48] Службен весник на РМ бр. 157/2008, член 16

**НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ**

Едно од прашањата што негативно се одразуваат на образованието на девојчињата-Ромки е практиката на малолетничките бракови. Иако за ова прашање не се зборува многу и генерално останува во рамките на семејството и на заедницата, сепак истото се обработува во некои специфични документи.

- *Националната стратегија за Роми* (МТСП) ја спомнува „... појавата на чести малолетнички бракови...“, меѓу другото, како една од причините за ниските образовни постигнувања на децата-Роми.
- *Мултииндикаторското кластерско истражување 2005-2006,* ги дава законските предуслови за малолетник да стапи во брак, наведени погоре. Истражувањето понатаму дава проценти на жени мажени на возраст што би требало да биде училишна возраст. „На национално ниво, процентот на мажени девојчиња пред 15-годишна возраст е само еден отсто, а процентот на мажени пред да наполнат 18 години е 12 проценти. Овој процент се разликува меѓу жените од различни етнички групи“. Податоците дадени во **Табела 12** посочуваат дека процентот на девојчиња омажени пред 15-годишна возраст е највисок кај ромската етничка група - 11 проценти, или над 20 пати повисок отколку процентот на жените-Македонки; воедно, процентот на ромски девојчиња/млади жени омажени пред да наполнат 18 години изнесува 49% – скоро пет пати повеќе отколку кај Македонките. Вкупно, два процента од жените кои биле на возраст од 15 до 19 години се во брак/заедница; и овде важи истиот сооднос меѓу Македонките и Ромките – пет пати повеќе Ромки од Македонки биле мажени во моментот на спроведување на истражувањето.
- Во поглед на можните причини за таквата рана возраст на којашто се мажат девојчињата, *Наративниот извештај кон регионални упатства за интеграција на Ромите од Европскиот центар за малцински прашања, 2004 (Narrative Report Towards*

*Regional Guidelines for the Integration of Roms by the European Centre for Minority Issues)*[49] тврди дека „Можеби примарниот фактор што придонесува за расчекорот меѓу образовните постигнувања кај мажите и кај жените-Роми, е сепак широко прифатената практика за мажење на девојчињата набргу по нивното сексуално созревање, што најчесто резултира со прекинување на образованието на невестата пред таа да заврши основно училиште“.

[49] Towards Regional Guidelines for the Integration of Roms, ECMI, 2004

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Недостатокот на податоци од официјални извори за запишувањето, задржувањето во системот и напредувањето на децата-Роми, што би претставувале основа за координирана акција, е пополнет со податоци собрани во рамките и интерпретирани за целите на бројни извештаи што го третираат ова прашање. Доколку ова не беше случај, немаше да бидеме свесни за нивото на ранливост на децата-Роми во однос на нивното основно и средно образование. Му предочуваме на Комитетот да ја поттикне Државата да се обврзе на преземање сериозна и непосредна акција кон воспоставување вистински систем за мониторирање и кон обезбедување децата-Роми да ги имаат на дофат сите неопходни системи за поддршка, со цел да ги достигнат параметрите на другите етнички групи.**

**Иако во многу случаи има значителни подобрувања во стапките на учество на девојчињата во основното и во средното образование, сепак сè уште постои загриженост за етничките групи во поглед на образованието на девојчињата; поради тоа, треба да се вложат напори и за да се одржи трендот на подобрување, таму каде што го има, и за да се овозможи дополнителен поттик за групите кај коишто ова не е случај, со цел да се обезбеди стапката на учество на девојчињата во образованието да се израмни со нивото што одговара на нивното демографско учество.**

**Мал напредок е постигнат, па дури можеби и воопшто и не се направени големи напори во таа насока, во поглед на квалитетот и релевантноста на образованието што им се нуди на децата-Роми. Недоволната опременост на училиштата, ригидноста на курикулумите и пониските образовни стандарди опстојуваат во секој аспект на образованието на децата-Роми.**

## 4.2. Целите на образованието: член 29

### 4.2.1. Квалитет на образованието - развивање на личноста, талентите и менталните и физичките способности, до највисок можен потенцијал

**ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ**

*Вториот периодичен извештај* прави осврт на прашањето на квалитетот, набројувајќи ги преземените активности, како, на пример:

- подготвувањето стандарди за учебниците (стр. 64);
- воспоставувањето нови институционални структури што имаат за цел подобрување и контрола на квалитетот на образованието (стр. 70): Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат и Центарот за стручно образование;

но, првенствено, во однос на специфичните планови и намери, како што се оние што целат кон:

- создавање училишта-пријатели на децата (стр. 62);
- формирање експертски тим што ќе изгради ефективен систем за евалуација/оценување на постигнувањата на учениците (стр. 63);
- редизајнирање на курикулумот, што ќе резултира со подобар квалитет на образованието (стр. 63);
- воведување можности за наставниците за напредување во кариерата (стр. 64);
- создавање и подобрување на инфраструктурата, опремата и ИКТ-конекциите (стр. 65);
- вршење контрола врз работата на основните училишта, од аспект на спроведувањето на законската регулатива и стандардите за ефективно школување, заштитата на правата на децата и правото на образование за сите, од страна на Државниот просветен инспекторат и на Државниот испитен центар (стр. 65).

**НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА**

Законодавната рамка што го управува квалитетот и релевантноста се фокусира главно на целите на образовниот процес и улогата на курикулумот во дефинирањето и остварувањето на односните закони. До 2008 година, целите и задачите на образованието се регулираа со официјалниот курикулум. Со новиот Закон за основно образование, главните цели на образованието се утврдени во Законот, а одговорноста за Концептот на основно образование (којшто претставува основа за курикулумот) е во рацете на Министерот за образование и наука[50]. Така, донесувањето одлуки во врска со курикулумот беше уште повеќе централизирано и беше спречена децентрализацијата на развивањето на курикулумот (предложена со

[50]Член 25, Закон за основно образование, Службен весник на РМ, бр. 103/2008

Националната програма за развој на образованието 2005-2015, стр. 117). Новиот *Концепт за деветгодишно основно образование,* на стр. 89, им дозволува на училиштата само два-три дена (од околу 180 училишни работни денови во една година) за локално планирани екстракурикуларни активности на полето на спортот, културата, заштитата на природната околина, техничките производни вештини и слично, како дел од годишната училишна програма.

**НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ**

Мошне малку извештаи го третираат прашањето на квалитетот. Значителни согледувања може да се добијат само преку увид и анализа на националните и на интернационалните екстерни и објективни тестови. За целите на овој Коментар ќе разгледаме три интернационални теста и првиот национален матурски испит.

● ***ТИМСС 2003 (Trends in International Mathematics and Science Study/Студија за трендовите во меѓународното изучување на математиката и природната група предмети)***

Меѓународната студија вклучи 200 000 ученици од 46 земји.

Резултатите на Македонија во оваа студија претставуваат одраз на постигнувањата по *математика* и по *природната група предмети* на 4028 ученици кои учат на македонски и на албански јазик во VIII одделение (завршна година на задолжителното основно образование), од 149 основни училишта.

Во однос на *математиката,* Македонија се наоѓа на 30-то место, со значително полоши резултати од 27 земји, со незначителни разлики од Норвешка, Молдавија и Кипар, и со значително повисоки постигнувања од 15 други земји. Што се однесува на нивото на постигнувања, само 1% од децата успеале да го достигнат највисокото меѓународно ниво, 9% се со високи постигнувања, 34% достигнале средно ниво, а дури 66% од учениците кои биле дел од истражувањето го достигнале само најниското ниво на постигнувања.

Што се однесува до *природната група предмети,* Македонија се пласираше на 31-во место од 45 земји, со значително пониски постигнувања од 25 земји, со слични постигнувања како и Романија, Србија, Ерменија и Иран, и со значително повисоки резултати од други 14 земји, при што разликите меѓу предметите (физика, хемија, биологија, географија, природна средина) биле занемарливи.

Родовиот јаз во постигнувањата го одразува општиот јаз што постои во светот: девојчињата имаат подобри постигнувања во *биологијата* и *хемијата,* момчињата во *физиката* и *географијата,* а речиси се еднакви постигнувањата во *природната средина.*

Само 2% од децата успеале да постигнат напредно ниво, 13% се на високо ниво, 42% стигнале до средно ниво, а 72% од учесниците го достигнале најниското ниво на постигнувања.

Во споредба со ТИМСС 1999, Македонија покажа значително полоши резултати, т.е. се појави значителна статистичка разлика во постигнувањата на учениците.

● ***ПИСА 2000 (Programme for International Student Assessment/Програма за меѓународно оценување ученици)***

Оваа меѓународна студија пружа увид во состојбата на учениците на возраст од 15 години (завршување на основното образование), во три области: *писменост за читање, математичка писменост и писменост во природни науки*. Првото и единствено оценување во Македонија е спроведено во 2000 година, при што главниот фокус на студијата се посвети на *способностите за читање*. Оценувањето вклучи 4736 ученици на 15-годишна возраст, од 88 средни училишта (од кои две приватни) и три основни училишта.

Процентот на македонски ученици:

- кои достигнале ниво 5 (најголем број поени) изнесува 0,1% (споредено со 18,7 на Нов Зеланд и 18,5% во Финска);
- кои достигнале ниво 4 изнесува 1,8% (споредено со 31,6 во Финска и 31,3% во Хонг Конг);
- кои достигнале ниво 3 изнесува 11,1%;
- кои достигнале ниво 2 изнесува 24,4%;
- кои достигнале ниво 1 изнесува 28,1%;
- кои не достигнале ниту ниво 1 изнесува 34,5% (споредено со 0,9 во Кореа и 1,7% во Финска).

Резултатите на Македонија во составните делови (без зададени вкупно девет теста) укажуваат на истото ниско ниво на постигнувања.

Во тестот за *писменост во читање,* македонските девојчиња покажале многу подобри резултати од момчињата, слично како и во Албанија, Финска и Латвија, како и во писменоста во природната група предмети, слично како и во Албанија, Латвија, Нов Зеланд и Русија. Резултатите по математика говорат во полза на момчињата.

● ***ПИРЛС 2001 (Progress in International Reading Literacy Study / Студија за постигнувањата на учениците во читање со разбирање)***

Студијата се спроведе во 2001 година, на примерок од 3800 ученици од IV одделение (девет-десетгодишна возраст), од 150 училишта, кои учат на македонски и на албански наставен јазик. Училиштата беа случајно одбрани со компјутер. Македонија се најде на 29-то место од 36 земји, со резултати значително пониски од првата група од 27 земји, релативно еквивалентни со резултатите на Турција и значително повисоки од последните шест земји (меѓу коишто се Мароко и Белизе). Само 3% од децата успеаја да стигнат до највисокото меѓународно ниво, 10% се со високи постигнувања, 28% го достигнаа средното ниво, а дури 55% од учениците кои учествуваа достигнаа само ниско ниво на способност во *читање со разбирање.*

Во генералната компарација, Македонија спаѓа во групата земји во којашто просечниот резултат на државата е значително понизок од меѓународниот просек, позиција што ја задржува скоро низ целата анализа на резултатите, т.е. конзистентно низ сите аспекти на меѓународниот тест. Што се однесува до јазикот на којшто се одвива наставата, децата-Македонци постигнале мошне подобар успех од децата за кои наставата се одвива на албански јазик. Родовите разлики се слични на оние од мнозинството земји, т.е. девојчињата имаат подобри резултати ширум светот.

Македонија учествуваше и во Оценувањето ПИРЛС 2006, без некои позначителни разлики во постигнувањата, т.е. го повтори скоро идентично резултатот од оценувањето во 2001 година.

- ***Државна матура***

Според првичните резултати од Државната матура[51], 17.006 ученици полагаа *мајчин јазик* (македонски, албански и турски јазик) како задолжителен предмет, од коишто осум проценти не успеаја да положат, мнозинството - 38,4 % положија со оценка 3[52], а само 5,6 % освоија оценка 5, без значителни разлики меѓу јазиците. Од друга страна, скоро 30% од учениците го положија тестот по *англиски јазик* со оценка 5, а само 5,3% од учениците не го положија тестот.

Најслаби резултати се постигнати на тестот по *математика* (основно ниво), на којшто 28,3% од учениците паднаа, и на тестот по *француски јазик,* што не го положија 26,4% од учениците кои истиот претходно го одбрале. Опцијата *„математика на напредно ниво“* не успеаја да ја положат 12% од учениците кои ја избрале, при што само скоро 20% го положија тестот со оценка 5 и исто толку со оценка 4[53].

Би сакале да обрнеме внимание на прагот потребен за положување на тестовите; прагот за *мајчин јазик* е поставен на освоени 40 поени од можни 100, за *странски јазици* е поставен на 30, а за *математика* е поставен на дури само 22 поени од можни 100. Ваквите резултати би требало да ги алармираат надлежните власти во иднина мошне посериозно отколку досега да се зафатат со разгледување на прашањето на квалитетот на образованието.

Иако резултатите постигнати на Државната матура во 2008 година, се чини, не спаѓаат во периодот на којшто се однесува овој Извештај и, следствено на тоа, и овој Коментар, тие сепак претставуваат одраз на целокупниот образовен процес на генерацијата што истата ја полагаше: бидејќи оваа генерација деца се запишала во основното образование во учебната 1996/1997 година, процесот на нивното образование се одвивал токму во периодот на којшто се однесува Вториот периодичен извештај и нивните резултати го одразуваат квалитетот на тогаш понуденото образование. Треба да се има предвид дека овие резултати се само од првиот термин за полагање на Матурата (јуни 2008 година), додека за вториот испитен рок не се објавија никакви резултати; што е уште попоразително, овие резултати беа мошне бргу отстранети од веб-страницата на Министерството и оттогаш не се објавени ниту дискутирани никакви податоци. Податоците воопшто не се осврнуваат на посебната ситуација на учениците-Роми и на нивните постигнувања.

[51] Воведена со помош на меѓународната заедница, за прв пат во учебната 2007/08 година, при што определен број пробни испити беа одржани во текот на двете претходни години, а подготовките течеа од 2004 година

[52] На скала од 1 до 5, при што 5 означува одлично, а 1 неуспешно

[53] Податоци наведени за време на конференција за печат, од страна на Бирото за развој на образованието, одржана на 14-ти јули 2008 година

## 4.2.2. Квалитет на образованието - развивање почит кон човековите права и фундаментални слободи и образование за мир и толеранција

### НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

Една од целите на основното образование, утврдена со новиот Закон од 2008 година (член 3), се однесува на „образованието за заемна толеранција, соработка, почитување на разликите и основните човекови слободи и права". Образованието за човекови права е инкорпорирано во три предмета што се изучуваат во основното училиште[54]: Животни вештини (I, II и III одделение), Вовед во околината (II и III одделение) и Граѓанско образование (VII и VIII одделение).

### НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ

● Специјалната *Информација од посетите на основни и средни училишта, заради едукација на децата за нивните права и обврски*[55], изготвена од страна на Народниот правобранител, по неговите посети на поголем број основни и средни училишта, заклучува дека децата:

- сѐ уште недоволно ги знаат своите права и обврски и не ги разликуваат правата од обврските и обратно;
- не се оспособени со вештини и знаења за распознавање на повредите и злоупотребите;
- не се заинтересирани за стекнување нови сознанија и за оспособување со вештини за распознавање на правата и обврските и за можните опасности што можат да доведат до повреда на нивните права и до нивна злоупотреба;
- не ги знаат условите, можностите и институциите за заштита на своите права;
- скоро воопшто не се обраќаат за заштита на своите права пред Народниот правобранител, ниту пред други институции надвор од училиштето.

● Во својот *Извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето (2007),* на стр. 18, Народниот правобранител понатаму посочува дека инкорпорацијата на образованието за човекови права во образовниот процес бара соодветна иницијална обука, како и професионално усовршување на наставниците. Тој воедно препорачува дека изучувањето на човековите права треба да започне на помала возраст, во предучилишното образование, и да продолжи низ сите нивоа на образованието, адаптирано на возраста на децата.

[54] Види иновирани предметни курикулуми, интернет-страница на Бирото за развој на образованието

[55] Народен правобранител на Република Македонија (2009), Информација од посетите на основни и средни училишта, заради едукација на децата за нивните права и обврски, Скопје, стр. 3

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Резултатите од сите меѓународни тестови (PISA, TIMSS и PIRLS) укажуваат на слаби постигнувања на македонските ученици и требаше да се земат со голема сериозност во планирањето на подигнувањето на квалитетот, но нема никаков одраз на овие значителни согледувања, ниту во голем дел од националните концепциски документи ниту во Вториот периодичен извештај. Му препорачуваме на Комитетот да го отвори прашањето на идното учество на Република Македонија во меѓународните тестови, како што се PISA, TIMSS и PIRLS.

Иако се забележува придвижување во поглед на вклучување на образованието за човекови права во официјалниот курикулум, реалноста покажува дека недостасуваат мерки за поддршка на овие промени, како што се иницијална обука и професионално усовршување на наставниците. Воедно, на образованието за човекови права се гледа првенствено од аспект на основното образование. Од овие причини, сметаме дека Комитетот треба да ѝ препорача на Државата да воведе образование за човекови права во сите нивоа на образованието, почнувајќи од предучилишното образование, и да ја засили реформата на курикулумот со соодветна обука на наставниците.

# 5. Деца-припадници на малцинства или автохтони групи: член 30 (воедно третирајќи го квалитетот на образованието - развивањето почит кон родителите и кон сопствениот културен идентитет: член 29)

Комитетот ја охрабрува Државата-договорна страна да продолжи со своите напори за обезбедување рамноправна имплементација на Конвенцијата за сите деца и да ги вложи сите можни напори за да се погрижи децата на малцинствата да имаат полза од начелата и одредбите на Конвенцијата. Во овој поглед, Комитетот препорачува Државата-договорна страна да побара техничка помош од УНИЦЕФ (CRC/C/15/Add.118, para 55).

## ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ

Во *Вториот периодичен извештај* воопшто не се спомнува дали и како Државата ги исполнува своите обврски што произлегуваат од одредбите на член 29 и 30. *Вториот периодичен извештај* бегло ги допира Ромите во делот за образование; фокусот на коментарите во однос на прашањето на овие права на децата, лежи во формирањето на Одделението за заштита на правата на децата, востановено во 2001 година (стр. 58 во англискиот текст) и во усвојувањето на *Националната стратегија и Националните планови за акција за декадата на Ромите во Република Македонија,* во рамките на коишто се имплементира проект за инклузија на деца-Роми во јавните предучилишни установи (стр. 92, исто). Еден позитивен чекор, формирањето на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, дури не се ни споменува, иако нејзиното функционирање и фактот што нејзиниот директор е (или барем во еден определен временски период беше) Ром, заслужува нагласување.

## НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

Членовите на националните малцинства во Република Македонија уживаат уставно и законско право да учат на својот мајчин јазик. Наставниот процес во Македонија се изведува на македонски, албански, српски и турски јазик.

Ромскиот јазик е воведен како изборен предмет (заедно со босанскиот и со влашкиот јазик), со новиот Концепт за деветгодишно образование. Новиот предмет започна со спроведување во третото одделение од деветгодишното основно образование, во учебната 2008/2009 година.

## НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ

### ● *Изучување на мајчиниот јазик во основното училиште*

Анализата спроведена од страна на Фондацијата Институт отворено општество, во периодот мај-јуни 2009 година, покажа дека воведувањето на предметот „Ромски јазик и култура" е спроведено набрзина и нецелосно. Се покажува дека предметот не е понуден во сите училишта, а таму каде што е понуден, тоа е со несоодветен наставен кадар и без соодветен учебник.

Според интернет-страницата на Министерството за образование и наука, во текот на оваа учебна година, предметот се изучувал само во шест училишта. Тоа се само 20% од училиштата каде што би можел да се изучува, земајќи предвид дека во Македонија има 28 основни училишта (број на училишта што биле вклучени во поглавните проекти[56] за образование на деца-Роми) во коишто бројот на учениците-Роми е значителен.

Дополнителен проблем претставува фактот што предметот се предава без соодветен учебник. Имено, отворениот повик за поднесување предлог-учебници е објавен на десетти септември 2008 година[57], по почетокот на учебната година, и повторно објавен во мај 2009 година, во месечникот „Просветен работник", издание 966, додека повикот за издавачи на учебникот е објавен на 27-ми декември 2008 година[58]. Може да се заклучи дека во текот на учебната 2008/2009 година не е издаден учебник за ромски јазик. Згора на тоа, бидејќи крајниот рок за вториот повик за предлог-учебник беше 30-ти септември 2009 година, очигледно е дека учебниците нема да бидат готови навреме за учебната 2009/2010 година, имајќи предвид дека истата започна на први септември.

Од друга страна, овој предмет се задава во трето одделение, како дополнителен, бидејќи другите ученици не се обврзани да изучуваат изборен предмет. Ова претставува дополнителен товар за учениците кои и онака имаат пониски постигнувања, што се користи како изговор од страна на родителите за да не ги пријавуваат своите деца за негово изучување.

### ● *Почитување на културниот идентитет на децата и уживањето на нивната култура*

Ова прашање едвај се допира, со исклучок на изјавите што не се секогаш потпрени со докази, дека на децата-Роми им е оневозможено да учат за својата култура и да уживаат во неа и/или дека децата од другите етнички групи немаат можност да учат за Ромите. Извештајот *Сликата за другоста на Ромите: претставите на ромските деца за сопствениот идентитет и претставите за Ромите кај децата од македонската и албанската заедница*, изготвен од страна на ФИООМ во 2006 година,

[56] Проекти на ФИООМ: „Програма за образование на Роми" и „Еднакви образовни можности за деца-Роми" (http://www.soros.org.mk/default.asp?lang=eng&menuid=242), на МЦМС: „Применето образование за млади Роми" (http://www.mcic.org.mk/WBStorage/Files/Postignuvanja%20POR%20-%20ANG.pdf) и на Уницеф: „Подобрување на пристапот до формално и неформално образование за ромски девојчиња и семејства"

[57] Министерство за образование и наука, Отворен повик за одобрување и издавање учебници за III одделение (изборни предмети) во деветгодишното основно образование, 10-ти септември 2008 година. http://www.mon.gov.mk/mk/konkursi_tenderi/775--iii-

[58] Министерство за образование и наука, Отворен повик за издавање учебници за I, II, III одделение во деветгодишното основно образование и V,VI,VII одделение во осумгодишното образование и I, II, III, IV година во средното гимназиско образование (задолжителни и изборни предмети), IV година средно музичко-балетско и уметничко училиште), 27-ми декември 2008 http://www.mon.gov.mk/mk/konkursi_tenderi/964-2008-12-27-11-45-31

фрла слика на некои аспекти за коишто Државата-договорна страна е директно одговорна, имено содржините на учебниците одобрени од МОН. Студијата разгледува 19 учебници од сите одделенија во основното образование и во сите предметни подрачја. Во над 1200-те прегледани текста, Ромите се спомнуваат во само пет (т.е. 0,4%), посочувајќи го недостатокот на можноста Ромите да се идентификуваат себеси и другите ученици да негуваат прифаќање. Подлабоката анализа на текстовите посочува дека тие ги засилуваат стереотипите, наместо да ги елиминираат: Ромите се претставени секогаш на дното на социјалната скала на прифаќање, тие талкаат наоколу, не работат или извршуваат само тешка мануелна работа, живеат во лоши живеалишта; мајката-Ромка е добра мајка бидејќи не работи итн. Визуелното претставување е исто така несоодветно, без слики на Роми или, доколку случајно има слика, таа се обидува да ги избрише видливите етнички разлики и да ги претстави Ромите (ромското семејство) по урнек на пожелниот модел.

- ***Веронаука***

Иако ова прашање не е отворено во Заклучните согледувања на Комитетот, стана мошне спорно прашање, со огромен политички набој. Промените во *Законот за основно образование*[59] (член 2) воведоа веронаука како изборен предмет; така, од учебната 2008/2009 година, учениците во V одделение од основното училиште (засега учениците од новиот деветгодишен основнообразовен систем стасале само до III одделение) треба да одберат еден предмет меѓу неконфесионалното „Запознавање со религиите“ и пет конфесионални предмета: „Православно христијанство“, „Ислам“, „Католичка вероисповед“, „Евангелиско-методистичка црква“ или „Јудаизам“.

Концептот предвидува изборниот предмет да се понуди доколку има најмалку 15 заинтересирани ученици од истата генерација. Постои можност и за организирање комбинирани паралелки од деца од различни генерации, доколку бројот на ученици е помал од 15 ученици, но оваа можност не е искористена. Така, децата од малцинските религии кои се претставени со бројки помали од 15 во една генерација, најверојатно нема да имаат можност да ја изучуваат сопствената религија.

Мнозинството Роми во Македонија учат во основни училишта каде што наставата се изведува на македонски и на албански јазик, и со тоа во средини што се доминантно православни или муслимански. Во најголемиот број училишта, Ромите се малцинство, но без оглед на својата вероисповед тие ќе мораат да ја изучуваат религијата на мнозинската група во односното училиште или да го одберат неконфесионалниот предмет (но повторно, само доколку повеќе од 15 деца се заинтересирани за изучување на овој предмет).

Веронауката беше прогласена за неуставна, со одлуката на Уставниот суд во април 2009 година, поради својата спротивставеност со уставните одредби што го гарантираат секуларниот карактер на државата.

[59] Закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование, Службен весник на РМ, бр. 51/2007

***Случај 3***

Иако мнозинството Роми во населбите каде што се спроведува Програмата за образование на Роми се муслимани, само девет деца од пет проектни училишта (каде што наставата се одвива на македонски јазик) во Скопје, Куманово и Прилеп, го одбрале предметот „Ислам“, во учебната 2008/2009 година (според извештаи на основните училишта).

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Остварен е сосема мал напредок во образованието на децата-припадници на малцинските групи. Реформите и проектите преземени на ова поле од страна на Владата, дејствуваат несредено, а понекогаш се чини и дека носат повеќе негативни отколку позитивни последици. Наместо промовирање на интеркултурното разбирање, се одобруваат проекти како што е веронауката, коишто имаат тенденција да ги зголемат разликите.**

**Очекуваме Комитетот да го разгледа ова прашање и да ѝ препорача на Владата да изготви јасна стратегија за развој на образованието на малцинските групи, што ќе се погрижи секоја малцинска група да може да учи за сопствената култура и да го научи својот мајчин јазик.**

# 6. Специјални мерки на заштита - Детски труд/економска експлоатација: член 32

Комитетот препорачува Државата-договорна страна да собере и да објави податоци за зачестеноста на детскиот труд, и кај оние деца под 15-годишна возраст, како и кај оние кои имаат меѓу 15 и 18 години. Комитетот воедно препорачува Државата-договорна страна да се справи со случаите на економска експлоатација на децата, особено на децата на улица, вклучително и преку спроведување на обврската за основно образование и преку напорите за зголемување на посетеноста на средното образование. Комитетот понатаму предлага Државата-договорна страна да ги ратификува Конвенциите на Меѓународната организација за труд (ИЛО) бр. 138 - во врска со минималната возраст за пристап до вработување (1973), и бр. 182 - во врска со забраната и директната акција за елиминација на најлошите облици на детскиот труд (1999) (CRC/C/15/Add.118, para 51).

## ДРЖАВЕН ИЗВЕШТАЈ

*Вториот периодичен извештај* се осврнува на прашањето на децата на улица, во контекст на прашањата за малтретирање и запоставување, фокусирајќи се на Дневниот центар за деца на улица на возраст од 4 до 14 години, отворен во 2004 година. Во првата година по своето отворање, Центарот се грижеше за 265 деца, а образовната работа што се спроведуваше се фокусираше на „...описменување, развивање на комуникацијата, говорот, меморијата, концентрацијата, хигиенскиот третман и важноста на топлите оброци и чистите алишта". Не се прави особен осврт на инклузијата на децата во образовниот систем. Презентирањето на напредокот во образованието воопшто не се осврнува на ова прашање.

## НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

*Законот за работни односи*[60] забранува вработување деца кои имаат помалку од 15 години, освен во случај на учество во културни, уметнички, спортски и рекламни активности, како и на ученици над 14-годишна возраст, кои земаат учество во работната практика како дел на образовната програма.

Но, на страна од ограничувањето за формално вработување, економската експлоатација на децата не е јасно дефинирана во законите. Така, *Законот за детска заштита*[61] забранува каков било вид на психолошко и физичко малтретирање, казнување или каков било друг облик на нехуман третман или малтретирање на децата. Единствената специфична одредба

[60] Член 250, Закон за работни односи, Службен весник на РМ, бр. 62/2005

[61] Член 9, Закон за детска заштита, Службен весник на РМ, бр. 98/2000

за „неформалната“ економска експлоатација се дава во *Законот за семејство*[62], каде што се определува дека „присилувањето на детето на работа што не е соодветна на неговата возраст“ претставува злоупотреба на родителските права.

## НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ

Практиката покажува дека економската експлоатација на децата не е ретка и во најголем број случаи го попречува образованието на детето. Еден регистриран случај (Годишен извештај на Народниот правобранител за 2006 година, стр. 57) на којшто реагирал Народниот правобранител била експлоатацијата на учениците од основното училиште во Струмица, кои биле присилени да работат на гроздобер.

*Националната стратегија за Роми (МТСП),* на стр. 46-47, го наведува детскиот труд во неформалниот сектор како една од причините за ниските образовни постигнувања на децата-Роми.

*МИКИ*[63] проценува дека шест проценти од децата на возраст 5-14 години биле ангажирани во некаков облик на работа/труд; помалку од еден процент од нив биле вклучени во платена работа, околу три проценти учествувале во неплатена работа за други лица надвор од домаќинството, а три проценти работеле во семеен бизнис. Поголеми се шансите момчињата да се евидентираат како учесници во неплатена работа надвор од домаќинството и за семеен бизнис, во споредба со девојчињата. **Табелата 13** ги посочува Ромите како ранлива група во однос на детскиот труд.

**Табелата 14** го дава процентот на децата класифицирани како ученици ангажирани во детскиот труд или како деца-работници кои посетуваат настава. Општо земено, од 85-те проценти на деца на возраст од 5 до 14 години кои посетуваат училиште, шест проценти се, исто така, ангажирани во работни активности. Од друга страна, од шесте проценти на деца класифицирани како деца-работници, мнозинството воедно посетува училиште (95 проценти). Податоците за ромската популација укажуваат на полоша слика од оние за македонската популација.

***Случај 4***

Извештаите од Програмата за образование на Роми на ФИООМ, укажуваат на појавата на сезонска работа како директна и индиректна бариера за образованието на децата-Роми. Некои ромски семејства[64] (во најголем број од Куманово[65]), во потрага по основна егзистенција, се занимаваат со сезонска работа во други градови во Македонија или во странство (најчесто во Црна Гора). Поради ова, нивните деца пропуштаат да одат на училиште, од неколку недели до неколку месеци. Ова не претставува само детски труд (бидејќи постарите деца им помагаат на родителите во сезонската работа), туку и прекинување на образованието на децата, што ги зголемува шансите тие да се осипаат или да го повторат одделението по односното пропуштање на наставата[66].

[62] Член 90, Закон за семејство – пречистен текст, Службен весник на РМ, бр. 157/2008

[63] Мултииндикаторско кластерско истражување 2005-2006, Република Македонија, Државен завод за статистика, 2007

[64] Повеќегодишната оперативна програма „Развој на човечки ресурси“ 2007-2013, ИПА Компонента IV (МОН и МТСП) наведува: „Покрај редовното вработување, работата во неформалниот сектор (ситна трговија, неформална економија, одржување хигиена, чистење по куќи), како и сезонската работа, се сметаат за главниот извор на приходи за ромската популација“ (стр. 40)

[65] Проблемот со сезонска работа во Куманово беше посочен од страна на директорите на основните училишта во Куманово, како и од просветните инспектори, во напис од дневниот весник „Шпиц“ (http://www.spic.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=1&EditionID=129&~lenID=5277

[66] Исто така, посочено во извештајот на ИОО – ЕУМАП, стр. 126

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

**Со ваквиот недостаток на податоци и/или скудност на анализи што би ги поврзале образовниот систем и прашањето на детскиот труд, сметаме дека Владата треба да се потсети на нејзината должност сите деца да посетуваат основно и средно училиште но, исто така, и на обврската самиот образовен систем да дизајнира и да имплементира специфични мерки со коишто ќе се овозможи мониторирање на децата што се надвор од училиштата, од коишто мнозинството се Роми. Прашањето на детскиот труд, како една од главните причини што децата-Роми ги одвраќаат од образованието, заслужува особено внимание во напорите на Владата за исполнувањето на нејзините обврски**

# БИБЛИОГРАФИЈА

## ЗАКОНИ

### ОБРАЗОВАНИЕ

#### ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ:


- Закон за основно образование - Пречистен текст, Службен весник, бр. 52/2002
  htpp://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=769
- Закон за дополнување на законот за основното образование, Службен весник, бр. 40/2003
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=770
- Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование, Службен весник, бр. 63/2004
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=774
- Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование, Службен весник, бр. 55/2005
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=775
- Закон за дополнување на законот за основното образование, Службен весник, бр. 81/2005
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=776
- Закон за изменување на законот за основното образование, Службен весник, бр. 113/2005
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=777
- Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование, Службен весник, бр. 35/2006
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=778
- Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование, Службен весник, бр. 70/2006
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=837
- Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 70/2006 – 0-1 од 17.01.2007
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=967
- Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование, Службен весник, бр. 51/2007
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=953
- Закон за основно образование, Службен весник, бр. 103/2008
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=1&zID=829

**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ:**

- Закон за средното образование - Пречистен текст, Службен весник, бр. 52/2002
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=745
- Закон за изменување и дополнување на законот за средното образование, Службен весник, бр. 49/2007
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=940
- Закон за изменување и дополнување на законот за средното образование, Службен весник, бр. 81/2008
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=1126
- Закон за изменување и дополнување на законот за средното образование, Службен весник, бр. 92/2008
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=1134

**УЧЕБНИЦИ:**

- Закон за учебници за основно и средно образование, Службен весник, бр. 98/2008
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/ucebnici_za_osnovno_i_sredno_obrazovanie_98_4082008.pdf

## ДЕТСКА ЗАШТИТА

- Закон за заштита на децата, Службен весник, бр. 98/2000
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=1&zID=11
- Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на децата, Службен весник, бр. 17/2003
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=678
- Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на децата, Службен весник, бр. 65/2004
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=649
- Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на децата, Службен весник, бр. 113/2005
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=802
- Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на децата, Службен весник, бр. 98/2008
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=1150
- Закон за изменување на законот за заштита на децата, Службен весник, бр. 107/2008
  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=1176

## СЕМЕЈСТВО

- Закон за семејство, Службен весник, бр. 80/92
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Semejstvo_1992.pdf
- Закон за изменување и дополнување на законот за семејство, Службен весник, бр. 9/96
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/semejstvo_ID_96.pdf
- Закон за изменување и дополнување на законот за семејство, Службен весник, бр. 38/2004
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/semejstvoto_ID_17062004.pdf
- Закон за изменување и дополнување на законот за семејство, Службен весник, бр. 33/2006
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/semejstvoto_ID_20032006.pdf
- Закон за изменување и дополнување на законот за семејство, Службен весник, бр. 84/2008
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/ID_Zakon_za_semejstvo_84_11072008.pdf
- Закон за семејство - Пречистен текст , Службен весник, бр. 157/2008
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/zakon%20za%20semejstvo.pdf

## МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА

- Закон за малолетничка правда, Службен весник, бр. 87/2007
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Zakon_za_maloletnicka_pravda_87_12072007.pdf
- Закон за изменување на законот за малолетничка правда, Службен весник, бр. 103/2008
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/I_MALOLETNICKA_PRAVDA_103_19082008.pdf
- Закон за изменување на законот за малолетничка правда, Службен весник, бр. 161/2008
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/I_Zakon_za_Maloletnichka_pravda_161_24122008.pdf

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Закон за социјална заштита - Пречистен текст, Службен весник, бр. 21/2006
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/socijalnata_zastita_precisten.pdf
- Закон за изменување и дополнување на законот за социјална заштита, Службен весник, бр. 98/2006
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/ID_socijalna_zastita_98_04082008.pdf
- Закон за изменување и дополнување на законот за социјална заштита, Службен весник, бр. 161/2008
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/ID_Zakon_za_Socijalna_zashtita_161_24122008.pdf

## ТРУД

- Закон за работните односи, Службен весник, бр. 62/2005
  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/rabotnite_odnosi.pdf

## ИЗВЕШТАИ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

- Народен правобранител на Република Македонија (2001), Годишен извештај 2000 , Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj-2000.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2002), Годишен извештај 2001, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/IZV-2001.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2003), Годишен извештај 2002, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj%202002.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2004), Годишен извештај 2003, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/IZV-2003-mak.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2005), Годишен извештај 2004, Скопје
  http://www..mk/comp_ombudsmanincludes/webdata/documents/IZV-2004-Mak.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2006), Годишен извештај 2005, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izveztaj-2005-WEB.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2007), Годишен извештај 2006, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/IZVESTAJ-2006-makedonska%20verzija.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2008), Годишен извештај 2007, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj-2007-mak.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2009), Годишен извештај 2008, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Godisen%20izvestaj-2008.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2007), Извештај за имплементација на Конвенцијата за правата на детето и протоколите кон Конвенцијата 2000-2005, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj-mk-Konvencija%20za%20pravata%20na%20decata-%2024.10.2007.pdf

- Народен правобранител на Република Македонија (2009), Информација од посетите на основни и средни училишта заради едукација на децата за нивните права и обврски, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Informacija-Ucilista-2009.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2006), Посебен извештај на Народниот правобранител за вклученоста на децата со посебни потреби во образованието, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Posebni%20potrebi%20na%20decata1%20-mak.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2007), Посебен извештај на Народниот правобранител за присутноста на физичкото, психичкото и сексуалното малтретирање на децата во основните училишта, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Iizvesta-fizicko%20maltretiranje-mk.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2008), Посебна информација за состојбата со уписот на децата во матичната евиденција на родените, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Maticna%20evidencija%20na%20deca.pdf
- Народен правобранител на Република Македонија (2006), Посебен извештај на Народниот правобранител за состојбите со семејно насилство над децата, Скопје
  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Semejnoto%20nasilstvo1%20-mak.pdf


## ДРУГИ ИЗВЕШТАИ И ПУБЛИКАЦИИ


- Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука (2007), Концепт за деветгодишно основно образование, Скопје
  http://www.bro.gov.mk/devetgodisno/Koncepcija_po_javna_rasprava_so_izmeni_i_dopolnuvanja.pdf
- Concluding Observations of the Committee on the Rights of the Child: The Former Yugoslav Republic of Macedonia. 23/02/2000, CRC/C/15/Add.118. (Concluding Observations/Comments)
- Convention on the Rights of the Child, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 44/25 of 20 November 1989
- Decade Watch; World Bank; OSI (2007), Decade Watch: Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion, 2005-2006, Budapest
  http://demo.itent.hu/Romi/portal/downloads/DecadeWatch/DecadeWatch%20-%20Complete%20(English;%20Final).pdf

- European Centre for Minority Issues (2004), Toward Regional Guidelines for the Integration of Roms, Narrative Report submitted to the Swedish International Development Cooperation Agency
  http://www.ecmirom.org/dawnload/MaRom%20narrative%20report%20-%20English%20_ISBN%203-00-014076-X_.pdf
- Влада на Република Македонија (2005), Извештај на Република Македонија за Милениумските развојни цели, Скопје
  http://www.un.org.mk/MDG/resourcePage/UNDP%20-%20ang.pdf
- Government of the Republic of Macedonia, Multi-annual Operational Programme "Human Resource Development" 2007-2013, IPA Component IV
  http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/ipa/mk_comp_4_programme_9_11_2007_en.pdf
- Министерство за образование и наука на Република Македонија (2006), Национална програма за развој на образованието 2005-2015, Скопје,
  http://www.npro.edu.mk/dokumenti/strategija-mk.pdf
- Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија (2004), Национална стратегија за Роми во Република Македонија, Скопје
  http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_romi.pdf
- OECD (2006), Education Policies for Students at Risk and those with Disabilities in South Eastern Europe: Bosnia-Herzegovina, Bulgaria, Croatia, Kosovo, FYR of Macedonia, Moldova, Montenegro, Romania and Serbia
  http://www.oecd.org/dataoecd/17/28/38614225.pdf
- OECD (2007), Education Policies for Students at Risk and those with Disabilities in South Eastern Europe: Findings from the Follow-Up Visits
  http://www.oecd.org/dataoecd/16/61/38613229.pdf
- Институт отворено општество - EU Monitoring and Advocacy Program (2007), Еднаков пристап до квалитетно образование за Ромите – Македонија, Будимпешта
  http://www.eumap.org/topics/minority/reports/roma_education/reports/national/macedonia/romeduc_macedonia.pdf
- Институт отворено општество Македонија (2006), Сликата за Другоста на Ромите: Претставите на ромските деца за сопствениот идентитет и претставите за Ромите кај децата од македонската и албанската заедница, теренско истражување меѓу ученици и наставници во основното образование и дискурзивно-репрезентациска анализа на учебници, Скопје
- OSCE (2006), Education and Decentralization, User-friendly Manual, Skopje

- Пецаковска, С., Лазаревска, С.(2009), Долг е патот до општество базирано на знаење: Македонското образование во светло на реперите и индикаторите на „Образование и обука 2010“ - Програма за работа на Европската Комисија, ФИООМ, Скопје
- Биро за развој на образованието, одделение за оценување, ПИРЛС 2001, Република Македонија, Извештај за постигањата на учениците од четврто одделение во читање со разбирање, Скопје, 2003
- Биро за развој на образованието, ПИСА 2000 - Постигања на учениците во Република Македонија, Скопје, 2004
- Фондот за образование на Ромите, Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стретегиски правци на Фондот за образование на Ромите, Будимпешта, 2007
  http://www.romaeducationfund.hu/documents/Macedonia_report.pdf
- Државен завод за статистика; UNICEF (2007), Мултииндикаторско кластерско истражување 2005-2006, Скопје
  http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MICS-ENG-1.pdf
- Одговор на пратеничко прашање од пратеникот Силвана Бонева, поставено на 48-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25-ти декември 2003 година
- Втор периодичен извештај на Република Македонија за Конвенцијата на правата на децата, Република Македонија, Министерство за надворешни работи, Скопје, 2007
- Биро за развој на образованието, Сектор за вреднување на постигањата на учениците, TIMSS 2003 (Trends in Internacional Mathematics and Science Study), Извештај за постигањата на учениците од Република Македонија, Скопје, 2003
- UN (2003), Common Country Assessment
  http://www.undg.org/archive_docs/3328-Macedonia_CCA_-_Macedonia_CCA_2003.pdf
- УНИЦЕФ (2008), Децата во ПЈР Македонија, Анализа на состојбата

# АНЕКС 1

## ТАБЕЛИ СО ПОДАТОЦИ КОРИСТЕНИ ВО КОМЕНТАРОТ

### ТАБЕЛА 1 – ПОЈАВА НА ФИЗИЧКО МАЛТРЕТИРАЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА

| | одговориле (%) | | | не одговориле (%) |
|---|---|---|---|---|
| Дали наставниците вршат физичко малтретирање врз децата? | често се врши физичко малтретирање | ретко, само од определен наставник | никогаш не се врши | |
| | 5,98 | 28,41 | 62,24 | 3,19 |

***Извор:*** Народен правобранител на Република Македонија (2007), *Посебен извештај на Народниот правобранител за присутноста на физичкото, психичкото и сексуалното малтретирање на децата во основните училишта*, Скопје.

### ТАБЕЛА 2 – НАЧИН НА ФИЗИЧКО МАЛТРЕТИРАЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА

| | одговориле (%) | | | | не одговориле (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 71,18 | | | | 28,82 |
| Начин на физичко малтретирање | со шлаканица (%) | удирање со книга или со друг предмет (%) | со влечење за коса или за уши (%) | на друг начин (%) | |
| | 25,56 | 9,33 | 24,28 | 12,03 | |

***Извор:*** Исто.

### ТАБЕЛА 3 – ПОЈАВА НА ПСИХИЧКО МАЛТРЕТИРАЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА

| | голем број нас - тавници вршат психичко мал - третирање (%) | ретко се врши психичко малтрети рање, само од определени наставници (%) | нема настав - ници кои вршат психичко мал - третирање (%) | не одговори - ле (%) |
|---|---|---|---|---|
| Психичко малтретирање | 5,05 | 32,46 | 53,34 | 7,87 |

***Извор:*** Исто.

### ТАБЕЛА 4: ПРОЦЕНТ НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД ДВЕ ДО ДЕВЕТ ГОДИНИ СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ, ПРИЈАВЕНИ ОД СТРАНА НА МАЈКАТА ИЛИ НА СТАРАТЕЛОТ, СПОРЕД ВИДОТ НА ПРЕЧКИТЕ, РМ, 2005

| | Македонци | Албанци | Роми |
|---|---|---|---|
| Заостанување во седењето, стоењето или одењето | 0,9 | 1,6 | 1,6 |
| Потешкотии со видот (при дневна или ноќна светлина) | 0,9 | 1,9 | 2,7 |
| Потешкотии со слухот | 0,6 | 0,1 | 1,5 |
| Неразбирање на инструкции | 1,5 | 2,3 | 10,3 |
| Потешкотии во одењето, движењето на рацете, слабост или укрутеност | 1,2 | 1,5 | 1,3 |
| Напади, ригидност, губење свест | 1,3 | 2,3 | 2,3 |
| Неспособност да научи да прави нешта како другите деца на нејзина/негова возраст | 1,3 | 4,6 | 3,4 |
| Незборување/не може да се разбере со зборови | 1,6 | 3,8 | 3,5 |
| Делува ментално заостанато, глупаво или споро | 0,6 | 3,0 | 3,6 |
| Процент на деца на возраст од две до девет години со најмалку една пријавена попреченост | 6,4 | 12,4 | 22,0 |

***Извор:*** Мултииндикаторско кластерско истражување 2005-2006, Република Македонија, Државен завод за статистика, 2007, стр. 110.

**ТАБЕЛА 5: ВЕРТИКАЛНА ПРОГРЕСИЈА НА ГЕНЕРАЦИЈАТА УЧЕНИЦИ ЗАПИШАНА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ, ВО УЧЕБНАТА 1991/1992 ГОДИНА**

| | 1991/1992 | 1995/1996 | 1998/1999 | 1999/2000 | 2002/2003 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ученици ... | ... запишани во прво одделение од основното образование | ... запишани во петто одделение од основното образование | ...кои завршиле основно образование | ... запишани во прва година од средното образование | ... кои завршиле средно образование |
| # | 34 406 | 32 866 | 30 389 | 26 614 | 23 851 |
| % | 100,00% | 95,52% | 88,32% | 77,35% | 69,03% |

***Извор:*** Влада на Република Македонија (2005), Извештај на Република Македонија за Милениумските развојни цели, Скопје, стр. 31.

### ТАБЕЛА 6: СТАПКИ НА УЧЕСТВОТО НА УЧЕНИЧКИ ВО ВКУПНИОТ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ КОИ ЗАВРШУВААТ ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

| | Основно образование | | Средно образование | |
|---|---|---|---|---|
| | 1997/98 | 2002/03 | 1997/98 | 2002/03 |
| Вкупно | 48,34% | 48,27% | 48,44% | 48,59% |
| Македонци | 49,07% | 48,94% | 51,52% | 51,17% |
| Албанци | 49,04% | 47,68% | 35,98% | 40,83% |
| Турци | 38,18% | 44,55% | 28,48% | 41,92% |
| Роми | 37,40% | 49,92% | 45,83% | 34,29% |
| Срби | 39,78% | 43,10% | 42,09% | 38,64% |
| Власи | 38,33% | 39,68% | 45,83% | 45,71% |
| Други | 45,34% | 45,84% | 32,33% | 34,28% |

***Извор:*** Исто.

### ТАБЕЛА 7: 2005 - ОБРАЗОВНИ ИНДИКАТОРИ НА УЧЕНИЦИТЕ-РОМИ ВО МАКЕДОНИЈА

| | Македонци | Албанци | Роми |
|---|---|---|---|
| Процент на деца на возраст од 36 до 59 месеци кои посетуваат некаква организирана образов на програма за рано детство | 16,9 | 1,5 | 3,5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на првоодделенци кои посетувале предучилишна програма изминатата година | 77,3 | | | 76,5 | | | 56,6 | | |
| Процент на деца на возраст за влез во основно училиште (седум години) кои во моментот посетуваат прво одделение | 96,2 | | | 97,4 | | | 63,1 | | |
| Процент на деца на основнообразовна возраст (7-14 години) кои посетуваат основно или средно училиште (нето-стапка на посетување основно образование) | м. 99,1 | ж. 95,7 | вк. 97,5 | м. 98,0 | ж. 97,7 | вк. 97,8 | м. 65,9 | ж. 57,8 | вк. 61,1 |
| Процент на деца на средннообразовна возраст (15-18 години) кои посетуваат средно училиште или повисоко (нето-стапка на посетување средно образование) | м. 63,1 | ж. 82,4 | вк. 73,7 | м. 61,4 | ж. 50,8 | вк. 57,4 | м. 15,7 | ж. 28,4 | вк. 39,8 |
| Стапка на завршување на основното образование | 86,6 | | | 80,5 | | | 44,6 | | |
| Стапка на премин во средното образование | 99,7 | | | 90,8 | | | 26,9 | | |

***Извор:*** Мултииндикаторско кластерско истражување 2005-2006, Република Македонија, Државен завод за статистика, 2007.

### ТАБЕЛА 8: ОБРАЗОВНИ ИНДИКАТОРИ НА УЧЕНИЦИТЕ-РОМИ ВО МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Процент на децата -Роми од една генерација кои посетуваат предучилишно образование (подготвителна година) [а] | 1,6% |
| Процент на децата -Роми од една генерација [а] кои се запишале во прво одделение (2003/04) | 96% |
| Процент на децата -Роми на училишна возраст (од 7 до 15 години) во училиштата [б] | 70-80% (мошне груба процена) |
| Процент на децата -Роми кои не го продолжуваат основното образование по четвртото одделение (од оние коишто се запишале) | околу 25% |
| Процент на децата -Роми кои не завршуваат осум години основно образование (од оние коишто се запишале) | околу 45% |
| Процент на Роми меѓу децата запишани во училиштата или одделенијата за посебно образование [б] | околу 27% |
| Процент на децата -Роми кои завршиле основно училиште и продолжуваат на средннообразовно ниво [а] | 12,8% |
| Процент на децата -Роми кои завршиле средно образование од оние што се запишани [а] | 56% |
| Процент на Роми кои се запишуваат во високото образование [а] | 0,3% |

а. Извор: Државен завод за статистика, 2005.
б. Пресметано за целите на оваа студија.
***Извор:*** Roma Education Fund (2007), Advancing Education of Roma in Macedonia - Country Assessment and the Roma Education Fund’s Strategic Directions, Будимпешта, стр. 31.

**ТАБЕЛА 9: СТАПКИ НА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ВОЗРАСТ ОД 7 ДО 15 ГОДИНИ) - ПО ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ, ПОЛ И ВОЗРАСТ (2005)**

| | | Стапки на запишување (%) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Мнозинско население што живее блиску до Роми | Роми | Национален просек |
| Вкупно | | 98 | 76 | 82 |
| женски | | 99 | 71 | 82 |
| машки | | 98 | 81 | 82 |
| По возраст | 7 | 100 | 91 | 96 |
| | 8 | 100 | 86 | 96 |
| | 9 | 100 | 92 | 97 |
| | 10 | 100 | 63 | 99 |
| | 11 | 100 | 71 | 94 |
| | 12 | 95 | 85 | 93 |
| | 13 | 100 | 74 | 94 |
| | 14 | 100 | 57 | 72 |

***Извор:*** Институт отворено општество - EU Monitoring and Advocacy Program (2007), Equal Access to Quality Education for Roma – Macedonia, Будимпешта, стр.31.

### ТАБЕЛА 10: СТАПКИ НА ЗАПИШУВАЊЕ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ВОЗРАСТ ОД 16 ДО 19 ГОДИНИ) - ПО ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ И ПОЛ (2005)

| | Стапка на запишување (%) | | |
|---|---|---|---|
| | Мнозинско население што живее блиску до Роми | Роми | Национален просек |
| Вкупно | 74 | 19 | 46 |
| женски | 74 | 13 | 46 |
| машки | 73 | 25 | 46 |

***Извор:*** Исто, стр. 33.

### ТАБЕЛА 11: СТАПКА НА ОСИПУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ПО ОДДЕЛЕНИЕ, ПОЛ И ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ (УЧИЛИШНА ГОДИНА 2001/2002)

| Одде-ление | пол | Македонци | | | Роми | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | # на запишани ученици | # на ученици кои се осипуваат | стапка на осипување (м./ж. комбинирана) | # на запишани ученици | # на ученици кои се осипуваат | стапка на осипување (м./ж. комбинирана) |
| 1 | м. | 7097 | 50 | 0,7 | 543 | 35 | 5,7 |
| | ж. | 6799 | 50 | | 479 | 23 | |
| 2 | м. | 7080 | 51 | 0,9 | 535 | 22 | 5,2 |
| | ж. | 6897 | 71 | | 451 | 29 | |
| 3 | м. | 7353 | 82 | 0,7 | 487 | - | 2,4 |
| | ж. | 6980 | 24 | | 475 | 23 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | м. | 7612 | 62 | 0,6 | 476 | - | 2,9 |
| | ж. | 7346 | 25 | | 460 | 27 | |
| 5 | м. | 7983 | 93 | 0,9 | 563 | 161 | 25,6 |
| | ж. | 7265 | 47 | | 430 | 93 | |
| 6 | м. | 8063 | 33 | 0,4 | 382 | 49 | 9,4 |
| | ж. | 7593 | 25 | | 317 | 17 | |
| 7 | м. | 8384 | 72 | 0,6 | 311 | 25 | 9,9 |
| | ж. | 7799 | 25 | | 274 | 33 | |
| 8 | м. | 8648 | 103 | 0,7 | 302 | 7 | 2,6 |
| | ж. | 8107 | 12 | | 195 | 6 | |

***Извор:*** Исто, стр. 36.

**ТАБЕЛА 12: ПРОЦЕНТ НА ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ ОД 15 ДО 49 ГОДИНИ КОИ СТАПИЛЕ ВО БРАК ИЛИ ВО ЗАЕДНИЦА ПРЕД СВОЈОТ 15-ТИ РОДЕНДЕН; ПРОЦЕНТ НА ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ ОД 20 ДО 49 ГОДИНИ КОИ СТАПИЛЕ ВО БРАК ИЛИ ВО ЗАЕДНИЦА ПРЕД СВОЈОТ 18-ТИ РОДЕНДЕН; ПРОЦЕНТ НА ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ ОД 15 ДО 19 ГОДИНИ КОИ МОМЕНТАЛНО СЕ ВО БРАК ИЛИ ВО ЗАЕДНИЦА, РМ, 2005**

| | Македонки | Албанки | Ромки |
|---|---|---|---|
| Процент на жени кои стапиле во брак пред 15 -годишна возраст | 0,5 | 0,7 | 11,4 |
| Процент на жени кои стапиле во брак пред 18 -годишна возраст | 10,4 | 9,2 | 48,6 |
| Процент на жени на возраст од 15 до 19 години кои се во брак/заедница | 2,2 | 0,3 | 11,2 |

***Извор:*** Мултииндикаторско кластерско истражување 2005-2006, Република Македонија, Државен завод за статистика, 2007.

**ТАБЕЛА 13: ПРОЦЕНТ НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 5 ДО 14 ГОДИНИ КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО АКТИВНОСТИ НА ДЕТСКИ ТРУД, СПОРЕД ТИПОТ НА РАБОТАТА, РМ, 2005**

| | Македонци | Албанци | Роми |
|---|---|---|---|
| Работење надвор од домаќинството – платена работа | 0,1 | 0,1 | 1,2 |
| Работење надвор од домаќинството – неплатена работа | 1,8 | 4,4 | 3,4 |
| Домашни задачи над 28 часа/недела | 0,1 | 0,0 | 0,0 |
| Работење во семејниот бизнис | 3,5 | 0,9 | 2,0 |
| Вкупен детски труд | 4,9 | 5,3 | 6,6 |

***Извор:*** Исто.

**ТАБЕЛА 14: ПРОЦЕНТ НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 5 ДО 14 ГОДИНИ КОИ СЕ ДЕЦА-РАБОТНИЦИ ШТО ПОСЕТУВААТ НАСТАВА И УЧЕНИЦИ АНГАЖИРАНИ ВО ДЕТСКИ ТРУД, РМ, 2005**

| | Македонци | Албанци | Роми |
|---|---|---|---|
| Процент на деца ангажирани во детски труд | 4,9 | 5,3 | 6,6 |
| Процент на деца кои посетуваат училиште | 86,9 | 86,9 | 55,0 |
| Процент на деца -работници кои воедно посетуваат и училиште | 94,7 | 96,9 | (51,4) |
| Процент на ученици кои се, исто така, ангажирани во детски труд | 5,3 | 6,0 | 6,1 |

***Извор:*** Исто.

# АНЕКС 2

## НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ПРИДОНЕСОА КОН ОВОЈ КОМЕНТАР

Овој Коментар беше изработен во рамките на активностите на Проектот 121 за образование на Роми, што го спроведуваат Фондацијата Институт отворено општество - Македонија и три локални НВО-и: „Дендо Вас" од Скопје, „Врама Си" од Куманово и „Помош за хендикепираните и сиромашните" од Прилеп. Проектот го финансираат Фондацијата за деца „Песталоци" и Фондацијата Институт отворено општество - Македонија.

Проектот 121 е во петтата година на својата имплементација. Овој проект, преку своите активности, има за цел да постигне пристап до квалитетно образование за поголем број на деца-Роми во четири општини во Македонија; да го воведе како редовно *Интеркултурното образование* во проектот и во проектните училишта; воедно работи на идентификација на бариерите за правото на образование за сите деца во Македонија и на лобирање кај државните институции.

- **ФОНДАЦИЈАТА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА (ФИООМ)** е основана во 1992 година, како претставништво на странски субјект, а во 1999 година како домашно правно лице – Фондација, во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

  ФИООМ е предаден на засилување на изгледите на Македонија за влез во ЕУ, преку засилување на нејзината внатрешна интеграција како предуслов. Посветен на унапредувањето на и поддршката за отвореното општество ширум програмските области образование, право, јавна администрација и локална самоуправа, граѓанско општество, јавно здравство, информации, медиуми и економски реформи, ФИООМ спроведува широк спектар на иницијативи што се протегаат од проекти за градење капацитети, до проекти за социјално застапување и лобирање и застапување и лобирање за јавни политики. Одговарајќи на различните потреби на разновидните целни групи, особено на младите, Ромите и другите социјално маргинализирани групи, ФИООМ соработува со други невладини организации, меѓународни институции и донатори, во преземањето акции за поддршка на издржаната демократија. Забрзувањето на процесот за пристапување на Македонија кон ЕУ, интеграцијата на Ромите и на социјално маргинализираните групи и намалувањето на јазот меѓу младите и вредностите на отвореното општество, се главните стратешки приоритети на ФИООМ за периодот 2009-2011.

  Од своето основање во 1992 година до денес, ФИООМ ја третира како приоритет поддршката за образованието и трага по начините како да го засили своето влијание на ова поле. Мисијата на Програмата на ФИООМ за образование е

да го засили процесот на интеграција на македонското образование во Европскиот простор на образование, преку давање потстрек на образовните потреби на децата, младите, училиштата, наставниците, родителите, како и на загрозените групи. Фундаменталната цел на Програмата на ФИООМ за образование е да: (1) обезбеди висококвалитетни образовни програми што промовираат отворен и еднаков пристап за сите, а особено за загрозените и маргинализираните групи; (2) им понуди континуиран развој на знаењата, компетенциите и ставовите на наставниците, децата и младите, што се потребни за создавање и одржување демократски и отворени општества во 21-виот век; и (3) да влијае врз националните образовни политики, во поглед на целите воспоставени во сеопфатната рамка на ЕУ за образовна политика.

- **ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВНА ПОДДРШКА „ДЕНДО ВАС“** дејствува во две општини во Скопје, со цел да ги подобри условите за образование, почитувањето на културните разлики, интеграцијата и повисокиот квалитет на живот на ранливите групи во Македонија.

  Центарот беше регистриран во општина Ѓорче Петров, како репликација на модел-проектот за образование на децата-Роми во општината Шуто Оризари. Од 2008 година наваму, Центарот „Дендо Вас“ повторно работи во две општини: Ѓорче Петров и Шуто Оризари, во партнерство со основните училишта „Страшо Пинџур“ и „Браќа Рамиз и Хамид“.

- **ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ-РОМИ „ВРАМА СИ“** е активно во лобирање и застапување во процесите на образование, здравство и вработување и работи за остварување на правата на децата и подобрување на условите за живот на маргинализраните групи.

  „Врама Си“ е формирана како независна организација во јануари 2006 година, откако четири години, од јануари 2002 година, пружаше образовна поддршка за децата-Роми во рамките на Локалниот центар на ромската заедница „Дром“.

  Организацијата е сместена во населбата Банево Трло во Куманово и ги спроведува своите активности заедно со трите партнерски основни училишта „Христијан Карпош“, „Браќа Миладиновци“ и „Крсте Мисирков“, како и со сите средни училишта во Куманово.

- Организацијата **„ПОМОШ ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИТЕ И СИРОМАШНИТЕ“** е формирана во ноември 1999 година, со цел за подобрување на образовното ниво и задоволување на образовните потреби на децата и учениците-Роми од локалната

заедница Тризла 2. Ромскиот образовен центар „Ромино про англе“ работи во рамките на организацијата и е сместен во просториите на Тутунскиот комбинат во Прилеп. Центарот работи во партнерство со основното училиште „Добре Јовановски“.

Денес оваа организација работи на обединување на потенцијалите и мобилизирање на ресурсите на заедницата за поддршка на децата, младите и возрасните, во процесот на образованието, задоволувањето на човековите права, унапредувањето на детските права и развојот на меѓуетничката коегзистенција.